# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА

**ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА**

**во 2020 година**




Поддржано од


ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**



Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

**Издавач:**
Хелсиншки комитет за човекови права
претставуван од претседателот проф. д-р Гордан Калајџиев

**Уредник:**
Уранија Пировска

**Автори:**
м-р Вилдан Дрпљанин

**Превод:**
Јулија Мицова

**Лектура:**
Роберт Раман

**Дизајн:**
Полиестердеј

**Печатење:**
Полиестердеј – принт центар

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

343.3/.7:316.647.5(497.7)”2020”(047)

ДРПЉАНИН, Вилдан
Годишен извештај за злосторства од омраза за 2020 година [Електронски извор] / [Вилдан Дрпљанин ; превод Јулија Мицова]. - Скопје : Хелсиншки комитет за човекови права, 2021

Начин на пристапување (URL): http://www.mhc.org.mk/. - Текст во PDF формат, содржи [121] стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 03.03.2021. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4790-84-6

а) Злосторства од омраза -- Македонија -- 2020 -- Извештаи
COBISS.MK-ID 53303813

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

ул. Наум Наумовски Борче 83
1000, Скопје
тел: +389 (0)2 3119 073
факс: +389 (0)2 3290 469
веб: www.mhc.org.mk
е-пошта: helkom@mhc.org.mk

# СОДРЖИНА


**1. ЗА ПРОЕКТОТ ........................................ 4**

**2. МЕТОДОЛОГИЈА ........................................ 6**

2.1. Учење од минатите искуства и податоци ........................................ 7

2.2. Одржување на интерактивна веб-страница за пријавување ........................................ 7

2.3. Мониторинг на националните печатени и електронски медиуми ........................................ 8

2.4. Пријавување и проверка на злосторствата/инцидентите од омраза ........................................ 8

**3. ПРЕГЛЕД НА ГЛАВНИТЕ НАОДИ ........................................ 9**

3.1. Контекст ........................................ 9

3.2. Број на инциденти ........................................ 11

3.3. Видови на кривични дела ........................................ 14

3.4. Инциденти според место ........................................ 15

3.5. Инциденти по месец ........................................ 16

3.6. Инциденти според пристрасна мотивација ........................................ 16

3.7. Жртви и сторители ........................................ 17

3.8. Статус на случаите ........................................ 17

**4. АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТИНОТ ТИМ ........................................ 19**

4.1. Мониторинг и регистрирање на злосторствата од омраза ........................................ 19

4.2. Преглед на инцидентите од омраза ........................................ 19

4.3. Одржување, ажурирање и промоција на веб-страницата ........................................ 20

4.4. Воспоставување неформална мрежа за мониторинг и регистрирање ........................................ 20

4.5. Учество во две работилници за градење на капацитетите ........................................ 20

4.6. Месечници за состојбата со злосторствата од омраза во земјата ........................................ 21

4.7. Објавување на извештај за мониторингот во 2020 година ........................................ 21

4.8. Одбележување на денот на жртвите на злосторства од омраза ........................................ 22

4.9. Правна помош за жртвите на инциденти од омраза ........................................ 22

4.10. Инфографик со преглед на податоците за изминатите 8 години ........................................ 25

4.11. Акција за отстранување на графити со говор од омраза ........................................ 27

**5. ЗАКЛУЧОЦИ ........................................ 31**

**6. ПРЕПОРАКИ ........................................ 33**

**АНЕКС РЕГИСТРИРАНИ ИНЦИДЕНТИ ОД ОМРАЗА ЗА 2020 ГОДИНА ........................................ 34**

# 1. ЗА ПРОЕКТОТ

Ова е осмиот по ред годишен извештај за злосторства од омраза во издание на Хелсиншки комитет, но сепак за првпат издаден во вакви невообичаени околности. Пандемијата на COVID-19 остави глобални ефекти од невиден размер. Брзото ширење на здравствената криза од која настрадаа речиси сите земји во светот, предизвика непредвидливи економски и социјални последици од кои човештвото допрва ќе закрепнува. Со оглед на сериозноста и неизвесноста на настаните, повеќето влади, вклучително и владата на Република Северна Македонија, сметаше дека е неопходно да се прогласи вонредна состојба со цел соодветно да се одговори на опасностите и штетите предизвикани од новиот коронавирус. Бидејќи во период на вонредна состојба Владата има право да преземе активности кои во нормални услови не би биле дозволени, за бранителите на човековите права ова значеше состојба на будност.[1] Сепак, негативната „традиција“ бројот на пријавените злосторства од омраза вообичаено да надминува три цифри, од кои злосторствата на етничка и политичка основа се особено бројни, продолжи и во текот на оваа година во Република Северна Македонија.

Овој извештај ги претставува наодите произлезени од исходот на проектот „Поддршка на Северна Македонија во унапредување на владеењето на правото и човековите права“, кој е финансиски поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и спроведен од Хелсиншкиот комитет за човекови права во периодот од 1 јануари до 31 декември 2020 година. Целта на проектот е подобрување на легислативата и одговорот на институциите во областа на човекови права и антидискриминација преку измени и дополнувања на законите и политиките, примена на ефективни правни лекови и зајакнување на институциите. Една од целите беше и сè уште е да се подобри националниот одговор за злосторствата и говорот од омраза преку мониторинг, регистрирање и процесирање на злосторствата од омраза во согласност со изменетата законодавна рамка. Преку ваквите активности се очекува да се крене свесноста за штетните ефекти на говорот од омраза и нетолеранцијата. Се надеваме дека споделените резултати ќе послужат како повик за акција за понатамошно спречување на злосторствата од омраза и говорот од омраза.

Првиот чекор кон обезбедување ефикасен систем за заштита на жртвите на злосторствата од омраза е да се изградат капацитети на телата за кривична правда во областа на регистрирање на пристрасните инциденти. Поточно, целта на извештајот е да послужи како индикатор за обемот, природата и зачестеноста на инцидентите на злосторства од омраза извршени во земјата.

1 Хелсиншки комитет за човекови права, ***Специјален извештај за состојбата со човековите права во Северна Македонија во време на COVID-19***, издаден на 13 октомври 2020 година.

**Во рамките на мандатот како партнер што го спроведува проектот, Хелсиншкиот комитет за човекови права во текот на 2020 г. ги спроведе следните активности, а кои ќе продолжат и во 2021 г., во поглед на злосторствата од омраза:**

**2.1.** Мониторинг и пријавување злосторства и инциденти од омраза, со особено внимание на политичкото, спортското, врсничкото насилство и насилството извршено со пристрасна мотивација помеѓу младите;

**2.2.** Преглед на пријавените инциденти на злосторства од омраза и придонес за Годишниот извештај за злосторства од омраза и инциденти на ОДИХР во регионот на ОБСЕ за 2020 г.;

**2.3.** Одржување, ажурирање и промовирање на веб-страницата www.zlostorstvaodomraza.com на македонски, албански и англиски јазик, како и на страниците на социјалните мрежи Фејсбук и Твитер;

**2.4.** Воспоставување неформална мрежа на актерите за мониторинг и регистрирање на злосторстват од омраза насочени кон специфични целни групи, како што се: ЛГБТИ заедницата, Ромите и лицата со хендикеп;

**2.5.** Учество во две работилници за кревање на свесноста и градење на капацитетот организирани од Мисијата со цел спречување злосторства од омраза во кои се вклучени млади преку претставување на работата на Хелсиншкиот комитет во областа на злосторствата од омраза;

**2.6.** Составување месечни билтени за состојбата со злосторства од омраза во земјата;

**2.7.** Подготовка, превод и издавање на извештајот од мониторингот во 2020 г. на македонски, албански и англиски јазик;

**2.8.** Одбележување на Денот на жртвите на злосторства од омраза (22 јули) преку организирање прес-конференција и настанот „Турлитава“;

**2.9.** Обезбедување правна помош на жртви на инциденти од омраза и мониторинг на судски процеси на одредени случаи на злосторства од омраза извршени на разни заштитени основи;

**2.10.** Подготовка, издавање, промоција и дистрибуција на инфографик кој ќе понуди краток преглед на податоци за злосторства од омраза извршени во последните осум години;

**2.11.** Создавање на заедничка акција со Град Скопје за отстранување на графити што шират омраза.

Сите информации и собраните податоци од проектот за последните осум години се достапни за јавноста на веб-страницата на Хелсиншкиот комитет.[2]

2 Извештаите на Хелсиншкиот комитет за човекови права се достапни на: https://mhc.org.mk/izveshtai/.

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА

На глобално ниво, слично на случајот со Северна Македонија, повеќето од злосторствата од омраза не се пријавуваат.[3] Главната причина за тоа е претпоставката дека жртвите не веруваат дека властите ќе преземат нешто во врска со тоа или, пак, стравот од долги судски процеси и трошоци.[4] Затоа секоја информација здобиена во врска со превенција е од големо значење со цел да се воочи најчестиот вид инциденти, негативните трендови, местата на случување и односот меѓу жртвите и престапниците. Неопходно е да се истакне дека злосторствата од омраза не претставуваат феномен со кој се засегнати само малцинствата, туку напротив тие се директен напад на демократското општество и принципи на кои се засноваат човековите права.

Инцидентите на злосторства од омраза не се случуваат случајно, туку се насилна манифестација на поделби, стереотипи и предрасуди, феномен кој понатаму продира и ги трови нашите општества. Насочени кон идентитетот на една личност, злосторствата од омраза можат да предизвикаат поголема штета и последици дури и од основните кривични дела. Непосредната жртва на злосторствата од омраза, како и луѓето во нејзиното блиско опкружување кои припаѓаат на истата група, претрпуваат голема траума и засилени чувства на несигурност како резултат на фактот дека токму тие се одбрани поради одредени карактеристики кои не можат да ги променат. Најдоброто решение за злосторствата од омраза, во случаи кога се извршени, е соодветно поведување на судска постапка и санкционирање. Со такво јавно препознавање, жртвите можат да бидат сигурни дека претрпеното искуство е целосно и соодветно препознаено, што понатаму влева поголема доверба меѓу другите членови на заедницата дека злосторствата од омраза ќе бидат казнети.[5] Во тој поглед, несоодветната примена на одредбите од законите има исто значење како и хартијата на кои што истите се испишани.

Оттука неопходно е јасно разбирање на условите и методологијата користена од авторите при составувањето на извештајот. Затоа мора да се истакне дека под „злосторство од омраза" во извештајот се подразбира злосторство мотивирано од нетолеранција, односно предрасуди кон одредена група во општеството. Следствено, секој може да биде жртва на злосторство од омраза, иако најчестите жртви се членови на ранливите заедници. Злосторствата од омраза најчесто се насочени кон членови на различна етничка заедница, религиозни или свети објекти, Роми, сексуални малцинства и внатрешно раселени лица.

Така, методологијата за пријавување на злосторствата од омраза применета во извештајот се состои од учење од минатите искуства и податоци, одржување интерактивна веб-страница за пријавување на злосторства од омраза, мониторинг на националните печатени и електронски медиуми и пријавување и двојна проверка на злосторствата и инциденти од омраза со Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

---

3 Jacobs, J. B., & Potter, K. (1998). *Hate crimes: Criminal law & identity politics*. Oxford University Press.

4 Lippman, M. (2009). *Contemporary criminal law: concepts, cases, and controversies*. Sage.

5 Подетално образложено од ЕСЧП во ЕСЧП, Шечич против Хрватска, Број на апликација 40116/02, датум 31/08/2007.

## 2.1. Учење од минатите искуства и податоци

Со цел да се примени дијагностички пристап кон собирањето на злосторствата од омраза и стабилни системи за мониторинг, Хелсиншкиот комитет првично се потпира на минатите искуства и развива најдобри практики од кои се применуваат резултатите. Од друга страна, собирањето податоци е првиот чекор кон борба со злосторствата од омраза бидејќи сигурните информации и статистика се неопходни за развој на таргетирани политики и прилагодување на поддршката за жртвите.6 Оттука е неопходно да се надоврземе на работата во ова поле од минатите години, поради што беше извршена консултација со извештаите од 2013,7 2014,8 2015,9 2016,10 2017,11 2018,12 и 2019,13 пред пишувањето на извештајот.

## 2.2. Одржување на интерактивна веб-страница за пријавување на злосторства од омраза

Веб-порталот – www.zlostorstvaodomraza.com, достапен од 2014 г. и како www.zlostorstvaodomraza.mk, претставува интерактивна алатка за информирање на граѓаните за извршените злосторства од омраза и пријавување на инциденти од страна на неговите корисници. Содржи интерактивна мапа на која е прикажана точната локација каде што се случил инцидентот. Почетната страница нуди категории на злосторства од омраза и пристрасни мотивации, информации за начинот на кој граѓаните можат да ги пријават инцидентите, преку електронска апликација, Твитер, електронска пошта и интернет формулари, а прикажани се и статистички графикони. Исто така, можат да се најдат табели за најчесто поставувани прашања, ресурси и поимник на веб-порталот во кои редовно се објавуваат информации за проектот, значењето и обемот на злосторствата од омраза, како и публикации поврзани со истите.

Во текот на 2020 г. проектниот тим ги ажурираше сите функционалности и дизајнот на веб-страницата. Освен порталот, на страницата на Фејсбук и на профилот на Твитер исто така редовно се споделуваат релевантни информации за состојбата со злосторствата од омраза во земјата. Сите материјали се достапни на македонски, албански и англиски. Вреди да се забележи дека бројот на следбеници на мрежите Фејсбук и Твитер постојано се зголемува, што потврдува дека се повеќе луѓе покажуваат интерес кон овој проблем.

---

6 Пристап споделен и со Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР).

7 Хелсиншки комитет за човекови права, *Злосторства од омраза во Република Македонија во 2013 година*, издаден на 15 мај 2014 г., достапен на: http://shorturl.at/fhATY.

8 Хелсиншки комитет за човекови права, *Злосторства од омраза во Република Македонија во 2014 година*, издаден на 22 јули 2015 г., достапен на: http://shorturl.at/mnqL1, англиската верзија почнува од стр. 139.

9 Хелсиншки комитет за човекови права, *Злосторства од омраза во Република Македонија во 2015 година*, издаден на 22 јули 2016 г., достапен: http://shorturl.at/ATZ39.

10 Хелсиншки комитет за човекови права, *Злосторства од омраза во Република Македонија во 2016 година*, издаден на 24 јули 2017 г., достапен: http://shorturl.at/tvBC4, англиската верзија почнува од стр. 115.

11 Хелсиншки комитет за човекови права, *Злосторства од омраза во Република Македонија во 2017 година*, издаден на 26 февруари 2018 г., достапен на: http://shorturl.at/qN169.

12 Хелсиншки комитет за човекови права, *Злосторства од омраза во Република Македонија во 2018 година*, издаден на 10 септември 2019 г., достапен на: http://shorturl.at/dwylW.

13 Хелсиншки комитет за човекови права, *Злосторства од омраза во Република Македонија во 2019 година*, издаден на 22 јули 2020 г., достапен на: http://shorturl.at/dlyP8.

## 2.3. Мониторинг на националните печатени и електронски медиуми

Хелсиншки комитет во 2020 г. продолжи да го мониторира бројот на дневни весници со различни идеолошки погледи и политичка припадност. Мониторингот на електронските медиуми се врши на дневна база, преку двата најпопуларни интернет генератори на вести (www.time.mk и www.grid.mk), како и со употреба на напреднатите опции за пребарување во делот за „вести" на www.google.com. Откако злосторство или инцидент од омраза ќе биде забележан, МХК го објавува на интернет-порталот за пријавување на злосторства од омраза – www.zlostorstvaodomraza.mk. Основната цел на мониторингот на медиумите е да се идентификуваат потенцијалните појави на инциденти од омраза и да се повикаат наводните жртви на интервју, како и да им се понуди можноста за правна помош или мониторинг на судскиот процес за нивниот случај. Со спроведување на оваа активност, Комитетот регистрираше и објави 104 злосторства/инциденти од омраза за периодот од 1 јануари до 31 декември 2020 г. Забележителниот пад на регистрираните инциденти (104) во споредба со 2019 г. (159) најверојатно е поврзан со исклучителните околности предизвикани од пандемијата и бројните полициски часови наметнати за време на вонредната состојба, за што подетално ќе зборуваме во прегледот на главните наоди.

## 2.4. Пријавување и проверка на злосторствата/инцидентите од омраза со Мисијата на ОБСЕ во Скопје

Деталите поврзани со инцидентите (што се случило, датум, време, место, извор на информации, инволвирани жртви, сторители, статус на случајот, одговор на локалните власти и влијание врз жртвите и заедницата) беа редовно пријавувани во Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Следењето на случаите беше во голема доза олеснето со постојаното успешно функционирање на веб-платформата за мапирање злосторства од омраза. Покрај можноста да ги следат преку интернет инцидентите на злосторства од омраза по нивното случување, Мисијата на ОБСЕ во Скопје добиваше и привремен завршен извештај подготвен од Хелсиншкиот комитет. Наодите исто така ќе бидат споделени со ОБСЕ/ОДИХР за нивниот годишен извештај за злосторства од омраза во земјите учеснички на ОБСЕ.

Резултатите се претставени во резимето на главните наоди, додека во извештајот исто така е приложен анекс во кој детално е разработен секој инцидент на злосторство од омраза од вкупно 104 инциденти во 2020 година.

# 3. ПРЕГЛЕД НА ГЛАВНИТЕ НАОДИ

Главните наоди од 2020 г. се резимирани преку поделба на податоците во осум категории.

## 3.1. Контекст

Откако претседателот на Република Северна Македонија го потпиша актот за прогласување вонредна состојба на 18.03.2020[14] г., Хелсиншкиот комитет јавно изјави дека вонредната состојба не смее да биде изговор за прекршување на човековите права за надлежните власти. Комитетот истакна дека со планираните мерки не смее да се избегнува обврската за заштита на најранливите категории на граѓани од насилство врз нив и дека е неопходно да се земат предвид човековите права и слободи. Државата е одговорна за остварување и заштита на човековите права и како таква не смее произволно да го попречува уживањето на човековите права или произволно да ги ограничи човековите слободи за време на вонредна состојба. Хелсиншкиот комитет советува дека во согласност со домашните и меѓународни стандарди, при ограничувањето на правата и слободите, не смее да се врши дискриминација на основа на пол, раса, боја на кожа, јазик, религија, национално или социјално потекло, имот или социјален статус. Произволното попречување е спротивно на јавниот интерес и заедничкото добро, а актите на владата би биле спротивни на меѓународниот закон.

Пред прогласувањето на вонредната состојба, Хелсиншкиот комитет ја реорганизираше својата работа во согласност со препораките за превенција издадени од Министерството за здравје. За граѓаните овозможивме непречени услуги за добивање правна помош преку телефон и електронска пошта, но притоа остана и можноста за директни средби во итни случаи, со цел да им дадеме можност на граѓаните лице в лице да ги споделат релевантните искуства. Бидејќи ограничувањето на слободата на движење и економската криза неизбежно значеше и удар за човековите права, Комитет остана фокусиран на проблемот со злосторствата од омраза. Иако 95-те дена вонредна состојба,[15] како и бројните полициски часови, придонесоа кон намалување на бројот на злосторства од омраза, преваленцата на пријавените злосторства од омраза во земјата остана висока во текот на целата година.

Со оглед на тоа што според Извештајот на Европската комисија за напредок на земјата за 2020 г. – „Зголемениот тренд на случаи на злосторства од омраза во базата на податоци на граѓанските здруженија продолжува...“,[16] и „неопходно е да се вложат напори за зголемување на капацитетот на полицијата и правните професионалци со цел поефективно да се спречат и да се поведат судски процеси за сите инстанци на насилство, злосторства од омраза и говор на

14 Одлука за прогласување на постоење на вонредна состојба од 18.03.2020 г. на Претседателот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 68/2020).

15 По првата одлука следеа уште 4 други. Одлука 17.4.2020 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/2020), Одлука 17.5.2020 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 127/2020), Одлука 31.5.2020 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 142/2020) и Одлука 15.6.2020 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 159/2020).

16 Европска комисија, *Северна Македонија 2020 Извештај,* Брисел, октомври 2020, стр. 32.

омраза“,[17] го споделуваме мислењето дека требаше повеќе да се направи во тој поглед во 2020 г. Дополнително, Извештајот на Европската комисија за напредок на земјата за 2019 гласеше: „Собирањето податоци за говор на омраза не се извршува на систематски начин, а забележано е зголемување на случаите на злосторства од омраза во дата базата на граѓанските организации“,[18] се забележува тренд на игнорирање на проблемите во оваа сфера. Важно е да се истакне дека специјалната анализа на злосторствата од омраза регистрирани во 2013 г., годишните извештаи за злосторства од омраза во земјата за периодот од 2014 го 2020 г. и веб-порталот за пријавување на злосторства од омраза – www.zlostorstvaodomraza.mk, е единствениот и досега најопширен напор за мапирање, мониторинг и пријавување злосторства од омраза во земјата.

Сепак, постојат и позитивни аспекти од работата во областа на борбата со злосторствата од омраза, дел од кои се:

- фактот што повеќе од 2 000 полицајци поминаа низ обука за препознавање злосторства од омраза меѓу 2015 и 2016 г.;
- подобрување на автоматизираните системи со база на податоци во јавното обвинителство и судството со додавање дополнителна опција за пријавување случаи на злосторства од омраза;
- измени и дополнувања на Кривичниот законик усвоени во декември 2018 г. со кои се појаснуваат одредбите за злосторства од омраза и се прошируваат основите за заштита во пракса; и
- подобрување во националното собирање податоци за злосторства од омраза од страна на Министерството за внатрешни работи.

Генералниот заклучок е дека соодветното и времено препознавање и регистрирање на злосторствата од омраза од страна на полицајците и судските власти и понатаму останува на незадоволително ниво. Треба да се забележи дека по зголемувањето на регистрираните инциденти за 2018 г. од страна на МВР (33 вкупно), во споредба со периодот од 2014 до 2017 г.,[19] кога беа регистрирани вкупно само 7 инциденти,[20] државата пријави само 23 инциденти за 2019 г.[21] Здравствената криза сè уште не е завршена, а се очекува економската и социјалната криза да се засилат со секој одминат ден на неизвесност и наметнатите ограничувања. Одовде се надеваме дека извештајот, како и специјалниот извештај,[22] ќе послужи како водич за понатамошни чекори што треба да се преземат од страна на носителите на одлуки затоа што во истиот е точно утврдено чии права најмногу се повредени во изминатиот критичен период и каде се неопходни итни и ефективни интервенции за да се спречат идни штети.

17 Европска комисија, *Северна Македонија 2020 Извештај*, Брисел, октомври 2020, стр. 34.

18 Европска комисија, *Северна Македонија 2019 Извештај*, Брисел, мај 2019, стр. 30.

19 Во 2014 и 2017 г. не беа регистрирани инциденти, во 2015 г. беа регистрирани 5 и 2 во 2016 г. Види повеќе на: http://hatecrime.osce.org/north-macedonia.

20 Во 2015 г., земјата пријави статистика за 5 злосторства од омраза пријавени од полицијата, за 3 од кои бил поведен судски процес, додека за 2 е досудена и казна.

21 Види повеќе на: http://hatecrime.osce.org/north-macedonia.

22 Хелсиншки комитет за човекови права, *Специјален извештај за состојбата со човековите права во Северна Македонија во време на COVID-19*, издаден на 13 октомври 2020 година.

## 3.2. Број на инциденти




Во 2020 г., Комитетот регистрираше вкупно 104 инциденти на злосторства од омраза. Инцидентите беа регистрирани веднаш по нивното пријавување од страна на медиумите или Министерството за внатрешни работи. Истовремено, 37 инциденти (36 %) беа потврдени, додека 67 (64 %) сè уште се непотврдени. Повеќето непотврдени случаи се поврзани со ситуации каде според другите индикатори[23] постои основа за верување дека овие пристрасни инциденти се мотивирани од етничката припадност на жртвата. И покрај нашето барање за потврда на индикаторите, МВР сè уште не ги има потврдено овие злосторства/инциденти од омраза.

Мнозинството на инциденти беа потврдени преку проверка на дневните билтени на МВР и известувањата за случаите во медиумите. Сепак, и инцидентите што не можеа да се потврдат беа вклучени во извештајот како резултат на појавата на пристрасни индикатори, меѓу кои:

- перцепција на жртва/сведок;
- коментирање на лице место;
- разликата меѓу жртвата и сторителот на етничка основа;
- модел/зачестеност на претходни инциденти;
- природа на насилството;
- отсуство на други мотиви; и
- место и време.

Поточно, непотврдените инциденти беа вклучени поради добиените информации за местото,[24] видот,[25] времето[26] и оштетениот имот за време на инцидентот.[27] Непотврдените и потврдените инциденти се одвоени на веб-порталот за пријавување на злосторства од омраза, при што потврдените случаи се обележани со зелено, додека непотврдените со црвено.

Етничката основа (76 инциденти) и политичката определеност (12 инциденти) повторно го заземаат најголемиот дел од основите за извршените злосторства од омраза во 2020 г. Исто

23 Место, начин на извршување, учество на малолетни лица и средношколци.

24 На пр., етнички мешана населба или училиште, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места каде во минатото се случувале злосторства од омраза.

25 На пр., поголема група на малолетници напаѓаат една или повеќе жртви без никаква провокација, групни пресметки, напади во автобуси или на автобуски постојки.

26 На пр., по претходни пресметки како форма на одмазда, по училиште, за време или по спортски натпревар.

27 На пр., места на религиозни обреди.

така, во 5 злосторства од омраза целта се мигранти или бегалци како резултат на нивниот статус, мотивот во 4 инциденти претставува различната националност, 3 инциденти се случиле како резултат на религиозни уверувања, 2 инциденти се мотивирани од сексуална ориентација, 1 инцидент е извршен на основа на интелектуална попреченост и 1 инцидент на родова основа. Жртвите и сторителите најчесто се млади лица и припадници на различни етнички заедници.[28] Често се случува еден инцидент да ги исполнува критериумите за сомневање на постоење на две или повеќе кривични дела, па одовде бројот на кривични дела е поголем од бројот на инциденти. Повеќето инциденти се извршени како резултат на политичка определеност или политичко убедување каде жртвите не се луѓе, туку правни лица како резултат на фактот што мнозинството од овие инциденти се однесуваат на штета на имот и нанесување на материјална штета.

Повеќето од наводните кривични дела вклучуваат: Насилство (66), Телесна и тешка телесна повреда (8), Предизвикување на национална, расна, верска омраза, раздор и нетрпеливост (8), Разбојничка кражба (7), Оштетување имот (5), Сериозна закана (4), Скврнавење симболи (3) и Загрозување безбедност (3). Деталите од инцидентите, како што се краткиот опис, датум, време, место, извор на информации, инволвирани жртви, сторители, статус на случајот, одговор на властите, влијание врз жртвите и заедницата, се наоѓаат во Анексот на извештајот под наслов „Инциденти на злосторства од омраза за 2020 година“. Во Анексот, исто така, се наоѓа поле за „пристрасни индикатори“, инкорпорирано во секој одделен инцидент. Во ова поле се наведени податоци за: перцепција на жртвите/сведоците, коментирање на лице место, разлика меѓу жртвата и сторителот на основа на етничката припадност, модел/зачестеност на претходни инциденти, природа на насилството, отсуство на други мотиви и место и време. Покрај дополнителните информации за инцидентот, ова поле е од особена помош да се разбере зошто непотврдените инциденти, исто така, се приложени во извештајот.

Во март 2020, МХК го испрати Годишниот извештај за злосторства од омраза за 2019 година на ОБСЕ/ОДИХР.[29] Хелсиншкиот комитет сè уште е единствената невладина организација што испраќа информации до ОБСЕ/ОДИХР за состојбата со злосторствата од омраза во земјата. Тенденцијата на зголемување на инцидентите на злосторства од омраза забележана во 2018 г., што продолжи во 2019 г., се чини значајно опадната оваа година. Сепак, ситуацијата со пандемијата на, COVID-19 исто така влијаеше на овој дел од животот, поради што во моментов не е возможно прецизно да се предвидат причините за забележаниот пад во 2020 г..

Со само 12 регистрирани инциденти извршени на основа на политичка припадност и убедување може да се каже дека бројот на инциденти со политичка пристрасност се намалил по неколку години.[30] Ова е резултат на разрешувањето на бројните долгогодишни внатрешни и надворешни политички проблеми. Инцидентите од 2020 г. во оваа област воглавно се однесуваат на оштетување имот на СДСМ/ВМРО-ДПМНЕ или сериозни закани кон партиски членови или поддржувачи. Со оглед на тоа што во 2019 г. инцидентите се случуваа со зголемен интензитет во јануари, веднаш по изгласувањето на измените во Уставот поради имплементацијата на Преспанскиот договор од 2018 година, и во април пред и за време на претседателските избори, како и при крајот на годината, пред да се објави дека парламентарните избори ќе се одвиваат во април 2020 г., оваа година не се истакнаа специфични периоди на најмногу извршени

28 Претежно помеѓу Македонци и Албанци.

29 Види: http://hatecrime.osce.org/north-macedonia.

30 Вклучувајќи ја и минатата година.

злосторства од омраза врз основа на политичката припадност. Исто така, сериозноста на овие инциденти не може да се спореди со таа на инцидентите што се случија во периодот помеѓу 2016 и 2019 година. Ваквиот тек не ги следи трендовите од претходните години кога бројот на овој вид инциденти се зголемуваше пред и за време на предвремените парламентарни избори во 2014 година, претседателските избори таа година, предвремените парламентарни избори во 2016 година, како и локалните избори во 2017 година, додека оваа година бројот на инциденти повторно варираше меѓу 1 и 2 месечно, дури и пред парламентарните избори во јули. Сепак, со оглед на ограничувањата наметнати како резултат на COVID-19, и драстично различниот пристап кон политичките кампањи, во овој момент не може да се направи разлика во однос на тоа дали атмосферата во земјата во тој поглед е подобрена.

Вториот најистакнат тренд се однесува на бројот на инциденти врз основа на македонското или албанското етничко потекло на сторителот/жртвата. Во 2013 г. овие инциденти изнесуваа дури 84 % од вкупните инциденти (98 од 116), додека во 2014 г. тој процент беше 61 % (53 од 87). Во текот на 2015 г. само 36 % од инцидентите (16 од 44) се случиле меѓу Македонци и Албанци,[31] во 2016 процентот изнесувал 49 % од сите инциденти (34 од 70),[32] а во 2017 – 29 инциденти (41 %).[33] Изминатата година не беше забележан значителен пад во овој вид инциденти, но и понатаму се најгорливата тема, дотолку повеќе доколку се земе во предвид дека големиот дел од жртвите и сторителите во овие инциденти се малолетници. Во 2018 г. бројот на регистрирани инциденти на злосторства од омраза врз основа на етничкото потекло се зголеми повторно на 64 % (79 од 123) од сите регистрирани инциденти. Во 2019 г., 85 % од сите регистрирани инциденти (135 од 159) се случиле како резултат на етничката припадност на жртвите/сторителите, со што ваквиот вид инциденти е најчест и најзагрижувачки досега (2013/2014). Со оглед на тоа, падот до 73 % оваа година може да се протолкува како значително намалување, но сепак, ограничувањата наметнати поради COVID-19 и драстично различниот пристап кон секојдневниот живот не дозволуваат во овој момент да се заклучи дали генералната атмосфера во земјата е подобрена во тој поглед.

По неколку години и втор пат по ред, регистрирани се 2 одделни инциденти мотивирани од сексуалната ориентација/родовиот идентитет на жртвата, што може да значи дека се зголемила довербата во институциите меѓу ЛГБТИ заедницата како резултат на позитивните пораки и јавната поддршка од страна на владејачката партија и одредени јавни политички личности. Сепак, ова не значи дека општеството станало потолерантно кон ЛГБТИ заедницата. Во тој поглед, неопходно е да се истакне дека државните власти не успеаја да спроведат соодветна истрага на инцидентите од 2013 и 2014 г., додека полицијата и оваа година не уапси ниту еден од сторителите.

Измените и дополнувањата што се однесуваат на злосторствата од омраза во Кривичниот законик изгласани во декември 2018 г. беа спроведени на 8 јануари 2019 г. Ваквата законска

---

31 Во споредба со инцидентите регистрирани во 2013 и 2014 г., најголемата промена се однесува на жртвите бидејќи мнозинството од нив беа бегалци или мигранти. При крајот на 2014 г. и во 2015 г. низ земјата поминаа дотогаш невиден број на бегалци во обид да влезат во ЕУ Шенген-зоната. Вкупно 21 од 44 инциденти (48 %) во 2015 г. беа поврзани со напад или грабеж (вклучително и вооружен грабеж) на бегалци или мигранти додека транзитираа низ земјата. За време на овие инциденти, најмалку 62 (речиси 50 % од сите регистрирани жртви) Сирijци, Авганистанци, Ирачани и Мароканци беа жртви на злосторство од омраза. Види Годишен извештај за злосторства од омраза за 2015 година.

32 2016 и 2017 се карактеризираа со сериозна политичка криза и многу насилство меѓу политичките партии. За повеќе види Годишен извештај за злосторства од омраза за 2016 и 2017 година.

33 Во 2017 г., особено зачестија споменатите видови на инциденти по неуспехот на ВМРО-ДМПНЕ да обезбеди мнозинство од најмалку 61 пратеник во периодот одреден со устав и за време на преговорите за воспоставување влада. Во текот на годината, бројот на злосторства од омраза извршени на основа на политичка припадност или политичко убедување повторно се зголеми пред кампањата за локалните избори, што ја потврдува директниот причинско-последичен однос меѓу говорот на омраза наголемо користен во предизборните кампањи и последователните злосторства од омраза. Види Годишен извештај за 2017 година.

промена е од големо значење и се очекува да придонесе во зголемувањето на кривичното гонење на злосторствата од омраза. Годината што измина беше прва година на неговото спроведување, па оодвде сè уште е премногу рано да се носат заклучоци, но треба да се спомене дека државата пријави 23 инциденти за 2019 г. Ваквиот пад изненадува со оглед на тоа што МВР официјално регистрираше зголемување, односно во 2018 г. полицијата забележи 33 злосторства од омраза, во 2017 г. не беше пријавен ниту еден инцидент, во 2016 г. беа пријавени само 2 инциденти и 5 во 2015 г.[34]

## 3.3. Видови на кривични дела

### Видови на кривични дела




- Насилство
- Телесна и тешка телесна повреда
- Предизвикување национална, расна, верска омраза, раздор и нетрпеливост
- Разбојничка кражба
- Оштетување на имот
- Сериозна закана
- Скврнавење симболи
- Загрозување на безбедноста

Поголемиот дел од инцидентите биле извршени од страна на млади луѓе, додека голем дел од сторителите се непознати. Жртвите и сторителите вообичаено се припадници на различни етнички заедници,[35] додека пријавените инциденти се поврзани со одредени кривични дела уредени во Кривичниот законик. Повеќето од наводните кривични дела се однесуваат на: Насилство (66), Телесна и тешка телесна повреда (8), Предизвикување национална, расна или религиска омраза, нетрпеливост или нетолеранција (8), Грабеж (7), Оштета на имот (5), Сериозна закана (4), Скврнавење симболи (3) и Загрозување на сигурноста (3). Многу често еден инцидент ги исполнува критериумите за две или повеќе кривични дела, па оодвде бројот на кривични дела понекогаш е поголем од бројот на инциденти во податоците.[36]

34 Види повеќе на: http://hatecrime.osce.org/north-macedonia.

35 Воглавно, но не и само: Македонци и Албанци.

36 Злосторствата од омраза се уредени со Кривичниот законик, додека инцидентите опфаќаат поголем обем на случаи во кои се вбројуваат прекршоци како на пр. графити од омраза, националистичко скандирање и така натаму.

## 3.4. Инциденти според место




Поголемиот број инциденти – 72 (69,2 % од вкупниот број регистрирани инциденти) се случиле во Скопје и околните општини. Во Куманово се случиле 7 инциденти, во Битола 5, во Охрид 4, во Тетово 3, во Кичево, Велес, Струга и Прилеп 2 и по 1 инцидент во Крушево, Кочани, Делчево и Струмица, додека за 1 инцидент местото на случување е непознато.

Повеќето градови се наоѓаат во региони населени од побројно етничко малцинство на етнички Албанци (Скопје, Куманово, Кичево и Струга), етнички Македонци (Тетово и Гостивар), етнички Власи (Крушево) или неколку малцинства кои заедно сочинуваат значителен дел од населението (Битола, Охрид, Струмица и Кочани). Дебар е меѓу ретките градови во кој живеат Македонци и Албанци, а каде нема регистрирано ниту едно злосторство од омраза во 2020 г.




Инцидентите во Скопје и неговата близина повторно се однесуваат на напади меѓу припадници на македонската и албанската етничка група и на оштетување на имотот на политички партии. Искажано во проценти, овие инциденти се највеќе застапени во Општина Гази Баба со 18 %. Исто така, инциденти од овој вид се регистрирани во сите 9 општини: во Скопје, Аеродром и Чаир со 14 %; Центар со 12 %; Бутел, Ѓорче Петров и Кисела Вода со 10 % и Карпош, Шуто Оризари и Сарај со 4 %. Тоа што бројот на регистрирани инциденти во одредени општини е помал не значи дека не

се случиле, туку дека веројатно не се редовно пријавувани. Шуто Оризари е претежно населен од етнички Роми, Чаир и Сарај од етнички Албанци, додека другите општини се населени од етнички Македонци. Најголем број од инцидентите во Скопје се случуваат во автобуси,[37] повеќето од кои сообраќаат меѓу населби населени од етнички Македонци или Албанци. Во другите инциденти се вбројуваат напад од група на ученици на еден ученик или тепачка меѓу две спротивставени групи.

## 3.5. Инциденти по месец




Најголемиот број на инциденти се случиле во август (11). Во февруари, април, јуни и октомври се случиле 10 инциденти; 8 во јануари, мај и декември; 7 во март и ноември и 5 во септември (најмалку). Иако вообичаено можат да се забележат одредени трендови во поглед на месеците во кои се извршени најголемиот број на злосторства од омраза, оваа година немаше таков период.[38]

## 3.6. Инциденти според пристрасна мотивација




Етничката (76 инциденти) и политичката припадност (12) можат да се вбројат меѓу основите на кои се извршени најголем број на злосторства од омраза во 2020 г. Исто така, 5 злосторства од омраза биле насочени кон мигранти или бегалци заради нивниот статус, 4 инциденти биле

37 Понекогаш медиумите соопштуваат дека местото на случување е автобус, меѓутоа не го потенцираат бројот на автобусот.

38 Повторно ова е резултат на мерките наметнати за справување со пандемијата на COVID-19. Иако во земјата беа одржани парламентарни избори на 15 јули, не постоеше зголемување во месеците пред јули.

мотивирани од различната националност на жртвата, 3 инциденти се случиле како резултат на религиозното уверување, 2 инцидента биле мотивирани од сексуалната мотивација на жртвите, 1 инцидент се случил на основа на интелектуална попреченост и 1 инцидент на родова основа. Повеќето инциденти се случиле меѓу етнички Македонци и Албанци како жртви и сторители.

## 3.7. Жртви и сторители




Бројот на жртвите во текот на годината изнесува најмалку 116 (од кои 44 се малолетници) и 207 (21 малолетници) сторители на злосторства од омраза. Во случаи каде медиумите известиле неодреден број, на пример, меѓу 10 и 15 сторители, за целите на извештајот користен е помалиот број. Кога било известено дека „група" на сторители го извршиле злосторството од омраза, во извештајот е користен бројот 3. Во повеќето инциденти сторителите дејствувале како група, додека голем дел од жртвите и сторителите се млади мажи.

## 3.8. Статус на случаите

Со оглед на тоа што не постои база на податоци за злосторства од омраза, случаите се регистрирани со контактирање на полицијата, мониторинг на медиумите и стекнување со информации директно од жртвите. Хелсиншкиот комитет испрати барање за информации до МВР за секој од забележаните инциденти со цел да добиеме информации за статусот на случајот. Комитетот испрати барања за пристап до јавни информации до Министерството за сите регистрирани инциденти и доби информации за сите месеци.

Во одговорите[39] може да се забележи дека одредени инциденти почнале да се регистрираат експлицитно како злосторства од омраза, 9 од 104 од извештајот, но сепак тоа сè уште не се случува редовно, туку сосема произволно. Имено, овие инциденти се однесуваат на случаи поврзани со закани против политичари направени преку интернет и случаи на ширење расни и

39 МВР достави информации за сите случаи, односно за 104 од 104 регистрирани инциденти.

ксенофобични материјали преку компјутерски системи. Одовде повеќето од добиените одговори од Министерството за инцидентите извршени во 2020 г. не беа задоволителни и не одговорија на прашањата поставени во барањата, што значи не содржеа прецизни информации за инцидентите, туку единствено беше забележано дали настанот бил регистриран од МВР.




Од одговорите може да се забележи дека МВР идентификувале 71 сторител од вкупно 207 регистрирани, во 9 случаи истрагата е сè уште во тек, поднесени се 25 кривични пријави, а 17 инциденти се регистрирани како прекршоци против јавниот ред и мир. Во одговорите поврзани со случаи на оштетен имот или осквернавени гробови, МВР нагласи дека овој вид на кривични дела се пријавуваат со приватна тужба. Во 2 случаи жртвите одбиле да поднесат пријава. Сепак, да повториме дека статусот на поголемиот број на инциденти останува непознат.

# 4. АКТИВНОСТИ НА ПРОЕКТИНОТ ТИМ

Активностите имаат за цел да понудат индикатори за обемот, природата и зачестеноста на злосторствата од омраза извршени во земјата. Целта е преку ваквиот пристап да се работи на спречување на злосторствата од омраза и говорот од омраза со подобрување на законите, зголемување на јавната свесност и со градење на капацитетите на телата за кривична правда и регистрирање на пристрасните инциденти.

## 4.1. Мониторинг и регистрирање на злосторствата и инцидентите од омраза, со особено внимание на политичкото, спортското, врсничкото и насилството врз основа на пристрасна мотивација меѓу младите

Хелсиншкиот комитет продолжува со мониторинг на бројни весници со различна идеолошка наклонетост и политичка припадност. Мониторингот на електронските медиуми се вршеше на дневна база, преку двата најпопуларни електронски генератори за вести (www.time.mk и www.grid.mk), како и со употреба на опциите за напредно пребарување во делот „вести“ на www.google.com. Кога ќе се забележи злосторство или инцидент од омраза, Комитетот го објавува на интернет-порталот за пријавување на злосторства од омраза – www.zlostorstvaodomraza.mk.[40] Како што веќе спомнавме, преку оваа активност, Хелсиншкиот комитет забележа и објави 104 злосторства/инциденти од омраза за периодот меѓу 1 јануари и 31 декември 2020 г.

Фокусот на политичките и спортските настани, како и врсничкото и насилството со пристрасна мотивација меѓу млади се премести на интернетот поради бројните полициски часови наметнати за време на вонредната состојба и вонредните околности актуелни во текот на периодот на известување. Одовде, ваквите извори не беа користени како во претходните години и главната појдовна точка за барање информации беа електронските медиуми, дневните билтени и корисниците на правна помош кои го контактирале правниот тим на Комитетот.

## 4.2. Преглед на инцидентите од омраза и придонес за Годишниот извештај за злосторства од омраза на ОДИХР во ОБСЕ регионот за 2020 година

Во март 2020 г., Хелсиншкиот комитет го испрати Годишниот извештај за злосторства од омраза за 2019 година до ОДИХР.[41] Комитетот сè уште е единствената организација го информира ОДИХР за состојбата со злосторствата од омраза во земјата.

40 Исто така види активност 4.3. подолу.

41 Види: https://hatecrime.osce.org/north-macedonia?year=2019.

### 4.3. Одржување, ажурирање и промоција на веб-страницата www.zlostorstvaodomraza.com и страните на социјалните мрежи Фејсбук и Твитер на македонски, албански и англиски јазик

Веб-порталот www.zlostorstvaodomraza.com[42] е интерактивна алатка преку која граѓаните можат да пријават злосторства од омраза и да добијат информации на таа тема. Содржи интерактивна мапа со точната или приближната локација на инцидентите. На почетната страна се набројуваат категориите на злосторства од омраза и пристрасна мотивација, се нудат информации за тоа како граѓаните можат да ги пријават инцидентите: преку електронска апликација, Твитер, електронска пошта и формулари кои можат да се најдат на интернет, и исто така содржи графикони со статистички податоци. Можат да се најдат табели за најчесто поставувани прашања, ресурси и поимник на веб-порталот, во кои редовно се објавуваат информации за проектот, значењето и обемот на злосторствата од омраза.

Во текот на 2020 г., проектниот тим ги ажурираше сите функционалности и дизајнот на веб-страницата. Освен порталот, на профилот на Фејсбук и Твитер, исто така, редовно се споделуваат релевантни информации за состојбата со злосторствата од омраза во земјата. Сите материјали се достапни на македонски, албански и англиски. Треба да се истакне дека бројот на следбеници на Фејсбук и Твитер постојано расте, што посочува дека сè поголем број на лица покажуваат интерес за темата. Во текот на декември 2020 г. Фејсбук страницата била посетена од 201 776 лица или околу 10 % од населението на Северна Македонија.[43]

### 4.4. Воспоставување неформална мрежа за мониторинг и регистрирање на злосторствата од омраза против одредени целни групи, како што се ЛГБТИ заедницата, Ромите и лица со хендикеп

Во текот на периодот на известување, Хелсиншкиот комитет одржа неколку состаноци со претставници на МВР. Се постигна заеднички договор за соработка, додека фокалните точки беа доделени од државниот секретаријат на МВР. Исто така, проектниот тим направи список на национални граѓански здруженија, формални и неформални групи што работат со специфични целни групи. Сепак, поради ограничувањата наметнати од состојбата со COVID-19, оваа активност беше паузирана во оваа втора фаза и не беше целосно имплементирана во текот на 2020 г. Активностите ќе продолжат во 2021 г. кога се надеваме ќе можеме да го одбележиме и Меѓународниот ден на жртвите на злосторства од омраза. Минатата години овие активности моравме да ги замениме со алтернативни решенија.[44]

### 4.5. Учество во две работилници за кревање на свесноста и градење на капацитетот во организација на Мисијата ОБСЕ на тема спречување злосторства од омраза во кои се инволвирани млади преку претставување на работата на Хелсиншкиот комитет во областа на злосторствата од омраза

Проектниот тим обезбеди учество во двете работилници. Ги претставивме главните проектни наоди за периодот меѓу 2013 и 2020 г. и дискутиравме за претходните инциденти на злосторства од омраза.

42 Од 2014 г. исто така достапен на: www.zlostorstvaodomraza.mk.

43 Овој дел се повторува затоа што е дел и од методологијата и од проектната активност.

44 Види активности подолу 4.10. и 4.11.

## 4.6. Составување месечници за состојбата со злосторствата од омраза во земјата

Во текот на периодот на известување, Хелсиншкиот комитет состави 12-месечни билтени за секој месец,[45] објавени на веб-страницата на Комитетот, проектната веб-страница и Фејсбук страницата „Злосторства од омраза“.[46] Поделбата на податоците по месеци е достапна на следните линкови:

1. Месечник за јануари, издаден на 20 февруари;[47]
2. Месечник за февруари, издаден на 20 март;[48]
3. Месечник за март, издаден на 20 април;[49]
4. Месечник за април, издаден на 15 мај;[50]
5. Месечник за мај, издаден на 15 јуни;[51]
6. Месечник за јуни, издаден на 15 јули;[52]
7. Месечник за јули, издаден на 15 август;[53]
8. Месечник за август, издаден на 20 септември;[54]
9. Месечник за септември, издаден на 15 октомври;[55]
10. Месечник за октомври, издаден на 15 ноември;[56]
11. Месечник за ноември, издаден на 10 декември;[57]
12. Месечник за декември, издаден на 10 јануари;[58]

Хелсиншкиот комитет одвои и посебен дел за говор на омраза и злосторства од омраза во месечните извештаи за состојбата со човековите права, претставени според институции, медиуми, НВО, други релевантни актери, регионални партнери, меѓународни организации и странски амбасади во земјата.

## 4.7. Подготовка, превод и објавување на извештајот од мониторингот во 2020 година на македонски, албански и англиски јазик

Годишниот извештај е изготвен, преведен и објавен на интернет на веб-страницата на Хелсиншкиот комитет и порталот zlostorstvaodomraza.com за периодот од јануари и февруари 2021 г. Копија од извештајот, исто како и минатите години, ќе биде испратена по пошта до сите релевантни институции, медиуми и организации.

Што се однесува до Годишниот извештај за злосторства од омраза за 2019 година, беше испратена електронска верзија до над 200 институции, медиуми и организации, додека печатена копија беше доставена по пошта до 27 основни и 4 апелациони судови, Врховниот суд, 22 основни и 4 високи јавни обвинителства, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, 37 институции и 11 организации.

45 Месечници за злосторства од омраза.
46 Злосторства од омраза.
47 Достапен на следниот линк: http://shorturl.at/ijlJN.
48 Достапен на следниот линк: http://shorturl.at/qsDHV.
49 Достапен на следниот линк: http://shorturl.at/cdwM1.
50 Достапен на следниот линк: http://shorturl.at/nvGK5.
51 Достапен на следниот линк: http://shorturl.at/vALN7.
52 Достапен на следниот линк: http://shorturl.at/czCHI.
53 Достапен на следниот линк: http://shorturl.at/gioLV.
54 Достапен на следниот линк: http://shorturl.at/jGJK9.
55 Достапен на следниот линк: http://shorturl.at/rvER0.
56 Достапен на следниот линк: http://shorturl.at/cizE8.
57 Достапен на следниот линк: http://shorturl.at/pvL08.
58 Достапен на следниот линк: http://shorturl.at/cyDGJ.

## 4.8. Одбележување на денот на жртвите на злосторства од омраза, 22 јули, со организирање прес-конференција и настанот Турлитава

Како резултат на ограничувањата наметнати од пандемијата на COVID-19 и мерките за заштита од вирусот, оваа активност, заедно со дел од активноста во 4.4.[59] не беа спроведени оваа година. Се надеваме дека ќе бидеме во можност да продолжиме со имплементацијата на двете активности во 2021 г. Оваа година овие активности беа заменети со алтернативни настани.[60] Сепак, за да се одбележи 22 јули,[61] Хелсиншкиот комитет издаде изјава за печатот во чест на денот и исто така го објави Годишниот извештај за злосторства од омраза за 2019 година. Медиумите го покрија ова со 43 натписи на македонски и албански јазик.

Вообичаено настанот по повод 22 јули претставува полудневен собир наречен „Турлитава – заедно е повкусно", сочинет од говори, музика и дружење меѓу припадници со различно етничко потекло при дегустација на традиционална македонска, албанска, турска, ромска, српска, босанска, хрватска и влашка храна, налик традиционалното балканско јадење турлитава. Целта беше на овој начин да се прослави толеранцијата и мирниот соживот меѓу припадници на различни заедници во земјата.

## 4.9. Правна помош за жртвите на инциденти од омраза и мониторинг на судските процеси на одбрани случаи на злосторства од омраза со повеќе заштитени карактеристики

Во периодот меѓу јануари и јуни, Хелсиншкиот комитет обезбеди правна помош за три случаи. Два случаи се однесуваа на два одделни инциденти во февруари кога млади Роми беа цел на напад во автобус на јавното сообраќајно претпријатие на основа на нивната етничка припадност. Третиот случај се однесуваше на напад на младо момче на основа на бојата на неговата кожа и раса, регистриран во 2019 г. Како што беше објавено во 2019 г., Комитетот, заедно со мајката, поднесоа кривична пријава против двајца непознати сторители до јавното обвинителство во Скопје. Како резултат на пријавата, од мајката и жртвата беше побарано да дадат уште една изјава за инцидентот пред полициски инспектор. Жртвата и мајката беа придружени до полициската станица Кисела Вода од страна на правник од Комитетот.

Од јули до декември Комитетот обезбеди правна помош во два случаја. Првиот случај се однесуваше на геј маж кој доби сериозни смртни закани преку Фејсбук затоа што е припадник на ЛГБТИ заедницата и затоа што ги бранел правата и слободите на припадниците на оваа заедница во коментари. Од содржината на добиените закани, очигледно е дека заканувачот во минатото не се заканувал само вербално, туку и нападнал и вознемирувал припадници на маргинализираните заедници. Тимот на Хелсиншкиот комитет, заедно со жртвата, поднесоа кривична пријава во Полициската станица Центар – ПС Беко врз основа на член 144 од Кривичниот законик за кривичното дело „Загрозување на сигурноста", со особен нагласок на став 2 како квалификувана форма на овој чин извршен од омраза. Наместо обезбедените докази да бидат сами по себе основ за полициските службеници да постапат по кривичната пријава (на начин што ќе контактираат надлежен обвинител и инспектор од компјутерски криминал), присутните полициски службеници зедоа улога на обвинител, толкувајќи го законот на своја рака, тврдејќи дека пријавата треба да се заведе како обична поплака, а жртвата натаму со приватна тужба да бара судска заштита. Ваквиот волунтаризам на полициските службеници не е новост. Напротив, при пријавување на низа кривични дела од омраза, поведението на полициските

59 Воспоставување неформална мрежа на актери за мониторинг и регистрирање злосторства од омраза против одредени целни групи, како што се ЛГБТИ заедницата, Ромите и лицата со хендикеп.

60 Подолу види активност 4.10 и 4.11.

61 Европски ден на жртвите на злосторства од омраза.

службеници е истоветно, дрско и непрофесионално. Сепак, со тоа што жртвата беше упорна и беше придружувана од правен советник, се издејствува кривичното дело да се гони по службена должност.

Другиот случај се однесува на злосторство од омраза на основа на попреченост. Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше случај пријавен од родител на дете со аутизам. Имено, целото семејство трпи вознемирување и закани од страна на двајца соседи во станбената зграда во која живеат. Соседите, во неколку наврати со клоци и тупаници удирале на вратата од станот на семејството, извикувајќи дека ќе ги убијат нив и нивното деветгодишно дете со аутизам, поради тоа што им сметала вревата наводно предизвикана од детето кое тие постојано го нарекувале „ментално“. Семејството го пријавило случајот во полициската станица, но сè завршило со полициски записник, по што не е забележана никаква реакција од институциите за вознемирувањето од страна на соседите кон семејството и детето со интелектуална попреченост. Имено, во 2018 година полицијата поднела кривична пријава за сторено кривично дело загрозување на сигурноста од член 144 од КЗ, која надлежното јавно обвинителство ја отфрлило поради тоа што конкретниот настан не ги исполнувал елементите на кривично дело што се гони по службена должност.

Согласно правната поука на јавното обвинителство, семејството поднело приватна кривична тужба против сторителите. Рочиште по поднесената кривична тужба е закажано за март оваа година и правниот тим на Хелсиншкиот комитет ќе ја мониторира судската постапка. Во оваа смисла, мора да се напомене дека делата од омраза не се случуваат во вакуум, тие се насилна манифестација на предрасуди која понатаму продира во пошироката заедница. Имајќи го ова предвид, кривичното дело загрозување на сигурноста на малолетното дете, поради неговата интелектуална попреченост, кое е очигледно мотивирано од нетолеранција и предрасуди кон припадниците на оваа ранлива група, може да се квалификува како дело од омраза. Основното јавно обвинителство неправилно ја отфрлило кривичната пријава со тоа што погрешно го квалификувало кривичното дело. Поради ова, Хелсиншкиот комитет ќе поднесе кривична пријава против сторителите за сторено кривично дело загрозување на сигурноста, како дело сторено од омраза. Поради сторена дискриминација по асоцијација врз основа на попреченост кон другите членови на семејството, исто така поднесовме претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Дополнително, претставка беше поднесена и до Одделот за внатрешна контрола при МВР со цел да се испита непрофесионалното и незаконско однесување и непреземањето соодветни чекори на полицајците.

**Мониторингот на судските процеси исто така претставува тековна активност. За целите на извештајот истакнуваме четири случаи.**

### *1. Случај „Саздо“*

Хелсиншкиот комитет го мониторираше судскиот процес против три млади мажи кои го претепале до смрт младиот член на Комитите, Никола Саздовски – Саздо поради наводна етничка нетрпеливост на 29 јуни 2018 г. Случајот заврши со првостепена судска постапка, каде двајца од обвинетите беа прогласени за виновни за убиство и секој од нив беше осуден на 19 години затвор. Јавното обвинителство и судот не го препознаа случајот како злосторство од омраза во оваа фаза и не испратија соодветна порака до јавноста и потенцијалните сторители. Комитетот и понатаму го мониторира развојот на случајот пред Апелациониот суд.

За појаснување, и жртвата и сторителите биле на возраст од 19 и 20 години. Жртвата беше тешко претепана на фреквентна автобуска постојка во Скопје од страна на тројца врсници, по што паднал во кома и починал по десет дена, подлегнувајќи им на повредите.[62] Според индикаторите на

62 9 јули 2018 година.

случајот, постои причина да се верува дека пресметката била мотивирана од етничка нетолеранција меѓу Македонци и Албанци и затоа случајот беше пријавен од страна на Хелсиншкиот комитет како злосторство од омраза. Прво, Јавното обвинителство го квалификуваше делото како насилство, но по смртта на жртвата случајот беше преквалификувано како убиство извршено на свиреп начин. Комитетот го мониторира судскиот процес со особено внимание од самиот почеток и забележа, со загриженост, дека судот постојано ги прекршува одредбите од Законот за Кривична постапка. Од самиот почеток на главното рочиште, набљудувачите на Комитетот забележаа дека Судскиот совет, особено претседателот на Судскиот совет, работи според застарена верзија на Законот за кривична постапка наместо со одредбите што се на сила. Таквото грубо прекршување на процедуралните закони може да го загрози целиот процес и правата на обвинетите, што ќе резултира со неказнетост на сторителите како резултат на процесни прекршувања.

Хелсиншкиот комитет истакна дека во секоја постапка, па така и во оваа, судот мора да биде објективен, непристрасен и строго да ги почитува одредбите со кои се уредува постапката со цел да се обезбеди фер судење на обвинетите и заштита на правата на оштетените и жртвата. Само со таков пристап може да се обезбеди праведен процес. До крајот на 2018 г. обвинителството сè уште поднесуваше докази.[63] На 23 април 2019 г., Кривичниот суд ги осуди Бесир Белја и Скендер Демири на 19 години затвор за смртта на Никола Саздовски – Саздо. Третообвинетиот Јетон Лужа беше во бегство и недостапен на властите до септември 2020 г., кога беше екстрадиран од Германија. Според Кривичниот суд, обвинетите кои дејствувале заедно се виновни за бруталното убиство на Никола Саздовски. Бруталниот начин на лишување на животот исто така беше посочен од Обвинителството во обвинението и обвинетите ќе мора да платат паричен надомест поради предизвикување ментална болка на членовите на семејството на Никола.

### 2. Напади на ЛГБТИ центарот за поддршка

Еден од најочигледните случаи на непостапување на Јавното обвинителство во поглед на злосторствата од омраза се шесте напади на ЛГБТИ центарот за поддршка, огранок на Хелсиншкиот комитет, во периодот од 2012 до 2016 г. Граѓанските здруженија побараа брзо откривање на сторителите и поведување ефективен судски процес за насилството поради предизвиканата општа опасност и расна и друга дискриминација. Досега обвинителството нема преземено никакво мерки, иако напаѓачите се снимени од безбедносни камери. Во февруари оваа година беше регистриран уште еден инцидент мотивиран од сексуална ориентација. Инцидентот се однесува на билборди во Битола со ЛГБТИ пораки, оштетени со цртежи со нацистички симболи. И покрај позитивните пораки и јавната поддршка од Владата и јавните политички личности, до денес судските власти не го решија случајот или, пак, други претходни дела на злосторства од омраза против ЛГБТИ заедницата.[64]

### 3. Случај „Миленко Неделковски“

Комитетот го следи случајот против јавната личност Миленко Неделковски за поттикнување национална омраза и насилство за пожарите во Грција во август 2018 година. Основниот кривичен суд во Скопје изрече ослободителна пресуда за новинарот Миленко Неделковски. Обвинението против новинарот Неделковски беше поднесено поради објавување Фејсбук статус кој содржеше говор на омраза, поднесено од Јавното обвинителство по службена дејност. Причината за таквата пресуда беше неспособноста на Јавниот обвинител да го докаже обвинението против Неделковски, кое судот сметаше дека е доказ за кривичното дело. Во текот на 2 години и 19 рочишта, беа повикани сведоци

63 Хелсиншки комитет за човекови права, Годишен извештај за злосторства од омраза за 2019 година.

64 Хелсиншкиот комитет известуваше за ова на: http://shorturl.at/dBW79.

(инспектори од МВР) од Јавниот обвинител и беше поднесено вештачење од страна на обвинителството, но и покрај тоа вината на Неделковски не можеше да се докаже. Во текот на процесот, Неделковски тврдеше дека процесот има за цел да го замолчи и да го лиши од слободата на израз, дејствување, говор и мислење. Во минатото, Неделковски беше познат по постојаната употреба на говор на омраза и поттикнување дискриминација и насилство против лица и групи на основа на пол, раса, боја на кожа, род, маргинализирана група, етничка припадност, јазик, националност, потекло, религија или уверување, други верувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или физичка попреченост и возраст.

### *4. Случај „Монструм“*

Комитетот го следеше и судењето за случајот „Монструм“ во кој 5 лица беа убиени на Црн петок во 2012 г. Алил Демири, Африм Исмаиловиќ, Агим Исмаиловиќ, Фејзи Азири, Хаки Азири и Сами Љута беа уапсени во 2012 г., кратко по наоѓањето на телата на четворица млади момци: Филип Славковски, Александар Накевски, Цветанчо Ацевски и Кире Тричковски, сите на возраст од 18 до 20 години, на 12 април пред Велигден. Телата беа пронајдени во близина на Смилковското езеро недалеку од Скопје подредени во редица, што наведува дека биле погубени. Телото на 45-годишниот Борче Стевковски беше пронајдено во близина. Тогаш вестите за убиствата поттикнаа етнички тензии откако група Македонци протестираа, на моменти и насилно, обвинувајќи го најбројното малцинство во Северна Македонија, Албанците, за убиствата. Во јуни 2014 г., скопскиот Кривичен суд ги прогласи сите осомничени за виновни. Ги добија најдолгите казни за кривичното дело тероризам – доживотен затвор. Според тогашната пресуда, Али Демири и Африм Исмаиловиќ убиле пет Македонци со автоматски пушки, додека останатите наводно овозможиле логистичка поддршка. Обвинетите изјавија дека не се виновни, тврдејќи дека случајот е политички „наместен“ од страна на Владата.

Случајот стана поконтроверзен кога слични сомневања беа искажани од албанските партии во земјата, како и од најголемата опозициона партија тогаш, Социјал-демократскиот сојуз, која е на власт денес. Во неочекуван развој на настаните во октомври 2017 г., обвинителството предложи Врховниот суд да ги укине доживотните казни, по што казните беа укинати. Повторното судење почна во мај 2018 г. Обвинетите повторно ја докажуваа сопствената невиност, а обвинителството изјави дека има нови докази. Досега неколку сведоци, форензички вештаци и политичари сведочеа пред судот. Судскиот процес е сè уште во тек.

## 4.10. Инфографик со преглед на податоците за изминатите 8 години

На инфографикот се претставени податоци за злосторствата од омраза собрани во периодот од 2013 до 2020 г. како завршница на соработката меѓу ОБСЕ и Хелсиншкиот комитет. Издаден е на македонски, албански и англиски јазик на Меѓународниот ден на човековите права, 10 декември, со огромен прием кај општата јавност, при што неколку медиуми известија за оваа тема. Објавите на социјалните медиуми привлекоа 44 405 луѓе, а беа споделени од повеќе од 40 страни. Заршно до 1 јануари 2021 г., Хелсиншкиот комитет регистрираше 773 злосторства од омраза, додека сите податоци се наоѓаат на следната слика.

# ПОДАТОЦИ ЗА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА

**ФЕВРУАРИ 2013 – ДЕКЕМВРИ 2020**

**Вкупен број инциденти 773**




## НАЈЧЕСТ ВИД НА ИНЦИДЕНТИ

- 234 – Насилство
- 182 – Телесна повреда
- 137 – Оштетување на имот
- 79 – Загрозување на сигурноста
- 44 – Прекршок/ Учество во тепачка
- 29 – Кражба и вооружена кражба
- 26 – Предизвикување на национална, расна, верска омраза, раздор и нетрпеливост
- 15 – Разбојништво

**Најмалку 967 жртви 2 538 сторители**

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖРТВИТЕ



- Етничка припадност – 66 %
- Политичка припадност – 18 %
- Бегалски или мигрантски статус – 4 %
- Верско убедување – 4 %
- Боја на кожа – 3 %
- Сексуална определба - 3 %
- Попреченост –1 %
- Род и родов идентитет – 1 %

## ИНЦИДЕНТИ СПОРЕД ЛОКАЦИЈА

559 – Скопје
44 – Куманово
29 – Тетово
24 – Битола
19 – Прилеп
13 – Гостивар
12 – Гевгелија
9 – Струга
9 – Охрид
7 – Кичево
7 – Неготино
7 – Велес
6 – Кавадарци

Штип – 4
Струмица – 4
Кочани – 3
Демир Капија – 3
Виница – 3
Делчево – 2
Свети Николе – 2
Македонска Каменица – 2
Демир Хисар – 1
Ресен – 1
Крушево – 1
Крива Паланка – 1
Непознато – 1



**Институционален одговор за случаите**

| | |
|---|---|
| Откриени сторители | 326 |
| Истрага | 198 |
| Нема информации | 196 |
| Непријавени по избор на жртвата | 53 |

**Правна разрешница**

| | |
|---|---|
| Кривични пријави | 131 |
| Прекршочни пријави | 75 |
| Нерегистрирани | 56 |

Како дело од омраза се смета кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување.

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

Хелсиншки комитет за човекови права

Злосторства од омраза

zlostorstvaodomraza.mk
helkom@mhc.org.mk
++389 (0)2 3119 073

## 4.11. Заедничка акција на Град Скопје за отстранување на графити од омраза

Намерата на оваа акција е да се прекријат графитите од омраза низ целиот град. Беше договорена координација со кабинетот на градоначалникот и дејствувавме на неколку локации низ Скопје. Резултатите од мониторингот на говорот на омраза во Република Северна Македонија извршен од Хелсиншкиот комитет за човекови права покажа двојно зголемување на регистрираните инциденти во 2020 г. во споредба со 2019 г. Навредите најчесто се искажуваат на социјалните мрежи, во јавниот простор во форма на симболи или графити на згради и билборди. Со оглед на тоа, Хелсиншкиот комитет побара одобрување од Општината на Град Скопје за отстранување, односно прикривање на натписите и графитите што содржат говор на омраза на згради и површини на територијата на Град Скопје. Овие активности беа извршени во ноември и декември на неколку локации низ градот каде што беа регистрирани натписи и графити со говор на омраза. Во тој контекст сакаме повторно да нагласиме дека толерантноста е клучна за одржување на мирот како и за економскиот и општествениот прогрес на сите луѓе, со особен нагласок за мултиетничките и мултикултурните општества како нашето.

Успеавме да покриеме три локации низ градот на Бит Пазар, во Аеродром и Автокоманда, со голем прием од јавноста како резултат на медиумската покриеност од неколку медиуми. Сите детали во врска со оваа активност се достапни на објавите на социјалните медиуми. Графити уметниците се Камелија Каламерникова и Панде Ефтимов.




*Дел од мост на Бит Пазар пред акцијата*




*Дел од мост на Бит Пазар по акцијата*



*Дел од мост на Бит Пазар по акцијата*

Наидовме на извонредно позитивен прием од страна на локалното население, при што граѓаните ја понудија својата поддршка и помош на графити уметниците. Сепак, проектниот координатор прими и неколку пораки на омраза и една закана преку интернет со зборовите да не се мешаат во „локалната уметност“.




*Дел од Аеродром пред акцијата*




*Дел од Аеродром по акцијата*

Слично на првата акција, наидовме на извонредно позитивен прием од страна на локалното население, при што граѓаните ја понудија својата поддршка и помош на графити уметниците. Сепак, проектниот координатор прими и неколку пораки на омраза и една закана по физичката благосостојба преку интернет од профилот насловен „Фамилија Аеродром“ со зборовите да внимава кога е во општината доколку реши да продолжи со акциите.




*Дел од Автокоманда пред акцијата*




*Дел од Автокоманда по акцијата*

Слично на првите две акции, наидовме на извонредно позитивен прием од страна на локалното население, при што граѓаните ја понудија својата поддршка и помош на графити уметниците. Сепак, проектниот координатор прими и неколку пораки на омраза преку интернет.

# 5. ЗАКЛУЧОЦИ

Северна Македонија сè уште се бори со превенција и собирање податоци за злосторства од омраза. Проблемот станува поголем кога ќе се воочи реалноста дека оваа тема многу ретко или речиси никогаш не се дискутира во јавниот дискурс и не може да се потврди со сигурност дека може да се очекуваат промени во согласност со наодите од извештајот во блиска иднина. Веројатно наскоро нема да добиеме сеопфатен и споредлив план со решение за пристап кон проблемот. Злосторствата од омраза вообичаено не се пријавуваат, а кога ќе се пријават завршуваат како формални поплаки без притоа да се поведе соодветна истрага од страна на властите затоа што самите тие не се обучени да ги идентификуваат и одговорат на злосторствата од омраза. Младите се под најголемо влијание од сето ова, особено младите што припаѓаат на малцинска група како што се ЛГБТИ заедницата, кои се препуштени сами на себе без систематска поддршка на нивните идентитетски карактеристики.

Од извештајот може да се заклучи дека злосторствата од омраза вообичаено се случуваат во јавноста и дека голем број на инциденти се случуваат во автобуси, близу автобуски постојки, околу училишта и близу железнички станици. Голем број од злосторствата од омраза се извршуваат од одмазда или како последица на претходни инциденти меѓу млади етнички Македонци и етнички Албанци. Со оглед на многу малиот труд вложен во поглед на превентивни мерки, едукации за човековите права и подигање на јавната свесност, очекувано е подемот на негативните трендови да продолжи и понатаму сè додека институциите го игнорираат проблемот. Заклучоците од извештајот на кратко може да се претставар во неколку точки:

- Тенденцијата на зголемување на бројот на инциденти на злосторства од омраза во 2018 г., а која продолжи и во 2019 г., забележа пад оваа година; сепак, со оглед на исклучителните околности во земјата во текот на 2020 г. предизвикани од пандемијата на COVID-19, премногу е рано да се носат заклучоци во однос на овој тренд.
- Забележан е пад во бројот на инциденти извршени на основа на етничка припадност, односно од 86 % на 73,1 % од вкупниот број на регистрирани инциденти. Повторно како резултат на ограничувањата наметнати поради COVID-19 и драстично различниот пристап до секојдневниот живот, во овој момент не може да се заклучи дали генералната атмосфера во земјата во тој поглед е подобрена. Речиси сите инциденти се случуваат меѓу припадници на македонската и албанската етничка заедница, и понатаму се причина за најголема загриженост со оглед дека големиот број на жртви и сторители во овие инциденти се малолетни/млади;
- Говорот на омраза употребен од политичарите за време на јавните дебати и кампањи често резултира со злосторства од омраза извршени од страна на нивните симпатизери. Говорот на омраза исто така во голема мера се употребува и во коментари на електронските медиуми за политички вести;
- Забележан е мал пад во бројот на инциденти мотивирани од политичка припадност, но трендот од изминатите две години на политички пристрасни инциденти продолжува и оваа година.
- Покрај фактот дека изминатите години Владата презеде први чекори кон зголемување на заштитата на правата на ЛГБТИ заедницата и назначувањето на нов јавен обвинител, случаите на злосторства од омраза кон ЛГБТИ заедницата регистрирани од 2013 до 2015 г. сè уште не се разрешени од јавното обвинителство.
- Останува нејасно дали властите се свесни за разликата меѓу злосторство од омраза и говор на омраза;

- Дел од злосторствата од омраза се извршуваат како одмазда за претходни инциденти меѓу млади Македонци и Албанци и кон ромската заедница;
- Пристрасните кривични дела сѐ уште не се регистрираат ниту истражуваат соодветно од полицијата и јавното обвинителство.
- Направени се многу мали напори за воведување превентивни мерки, вклучително и едукација за човековите права и кревање на јавната свесност, особено меѓу средношколците и младите, со оглед дека мнозинството од жртвите се малолетни или млади;
- Со оглед на фактот дека феноменот злосторство од омраза не се третира како засебно прашање, државата не нуди посебна заштита и поддршка за жртвите.

# 6. ПРЕПОРАКИ

Јавното ангажирање ја зајакнува довербата во институциите. Јавните обвинители не мора да чекаат да се случи злосторство од омраза кое ќе привлече внимание и ќе биде покриено од медиумите за да почнат да создаваат контакти со заедницата. Редовните комуникација и консултација со групите од заедниците можат да дадат позитивни резултати кон поголема подготвеност на жртвите и сведоците да соработуваат со полицијата и да се зголеми нивното разбирање за тоа што се случува во заедницата. Преку таквите контакти ќе бидеме сигурни дека со оглед на сè поголемите тензии меѓу заедниците, полицијата може подобро да ја смири ситуацијата и да знае кога треба да се зголеми полициската присутност за да се разрешат проблемите што ги засега заедницата. Препораките во тој поглед се следните:

- Навремена и ефективна истрага и покренување судски процеси за злосторствата од омраза со тоа што пристрасните мотиви ќе бидат земени предвид во текот на кривичната постапка;
- Преземање соодветни мерки со цел да се олесни пријавувањето на злосторствата од омраза од страна на жртвите, вклучително и мерки за зајакнување на довербата во полицијата и другите државни институции;
- Собирање и издавање сеопфатни и споредбени податоци за злосторствата од омраза, колку што е можно, како и бројот на овие инциденти пријавени од јавноста и регистрирани од полициските власти; бројот на пресуди; пристрасните мотиви зад овие кривични дела и изречените казни;
- Обезбедување поддршка и заштита на жртвите на злосторства од омраза;
- Промовирање обуки за релевантните институции што доаѓаат во контакт со жртвите на злосторство од омраза, со што ќе можат ефикасно да им помогнат на истите и
- Повеќе превентивни мерки, меѓу другото со навраќање на концептот за паметење во едукациите за човекови права, наставните програми по историја и релевантните обуки, преземање чекори за едуцирање на јавноста, особено малолетниците и младите за вредностите на културниот диверзитет и инклузијата, и настојување сите сектори од општеството да имаат улога во борбата со таквата нетолеранција.

# АНЕКС РЕГИСТРИРАНИ ИНЦИДЕНТИ ОД ОМРАЗА ЗА 2020 ГОДИНА

## 1. Насилство во автобус бр. 57

**Што се случило:** На 01.01.2020 во 23:50 часот во СВР Скопје, Г. Т. (42) од Скопје пријавил дека околу 22:50 часот во автобус на ЈСП со бр. 57, три лица физички го нападнале неговиот син и му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 01 јануари 2020 година, во 22:50 часот, Скопје (автобуска линија бр. 57).

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Разбојништво (Член 237 од Кривичен законик)

**Сторители:** три (3) непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачот биле од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – претходни напади на луѓе во автобуска линија бр. 57.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Нема потврда за индикаторите од МВР за овој инцидент.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 2. Физички напад врз двајца малолетници во Скопје

**Што се случило:** На 03.01.2020 во 01:00 часот во СВР Скопје, Б. Б. (49) и М. А. (41), двајцата од Скопје, пријавиле дека на 02.01.2020 околу 22:40 часот на ул. „Париска комуна", нивните деца биле физички нападнати од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 02.01.2020 година околу 22:40 часот на ул. „Париска комуна" Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** две (2) малолетни жртви

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** двајца (2) непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвите и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Локација* – претходни инциденти на истата локација.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Нема потврда за индикаторите од МВР за овој инцидент.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 3. Инцидент од омраза на паркинг на бул. „Гоце Делчев“

**Што се случило:** На 13.01.2020 во 16:30 часот во СВР Скопје, Е. С. (32) од Косово пријавила дека околу 14:30 часот на паркинг на бул. „Гоце Делчев“, две лица физички ја нападнале и од нејзиното патничко возило „шкода суперб“, со косовски национални ознаки, ѝ одзеле лаптоп. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 13.01.2020, 14:30, бул. „Гоце Делчев“, Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Разбојништво (Член 237 од Кривичен законик)

**Сторители:** двајца (2) непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвите и напаѓачите биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Нема потврда од МВР за индикаторите за овој инцидент.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 4. Киберкриминал од омраза

**Што се случило: На 17.01.2020,** Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против С. Ј. (61) од с. Чешиново и Д. А. (36) од с. Облешево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело – „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“. Пријавените во текот на 2019 од „Фејсбук“ профилот на С.Ј., во јавноста ширеле фотографии и статуси со кои се промовирала или поттикнувала омраза и насилство.

**Датум, време и место на инцидентот:** непознато

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** неопределени

**Вид злосторства:** Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем (Член 394-г став 1 од Кривичен законик)

**Сторители:** двајца (2) идентификувани сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

*1.* Модел на претходни инциденти – повикување и ширење етничка омраза и повикување насилство преку социјалните мрежи е сè почест начин на извршување дела од омраза.

**Статус на случајот:** поднесена кривична пријава

**Одговор на локалните власти:** Идентификувани сторители, поднесена кривична пријава.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 5. Противправно лишување од слобода на мигрант од Мароко

**Што се случило:** На 17.01.2020 околу 11:00 часот во полициска станица Сопот, М. М. (25) од Палестина и Х. С. (26) од Мароко, мигранти сместени во Транзитен центар Табановце, пријавиле дека последните два дена А. К. (28) од Мароко бил држен во куќа во с. Ваксинце од лица од Пакистан и од с. Ваксинце, со цел да му бидат изнудени пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 16-17.01.2020, с. Ваксинце

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Противправно лишување од слобода (Член 140 став 2 од Кривичен Законик)

**Сторители:** повеќе непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е статус на мигрант, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвите и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Локација* – с. Ваксинце е место каде што поминува нерегуларната рута низ која што се движат мигранти и каде што честопати се случуваат инциденти поради нивниот статус на мигрант.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Нема потврда од МВР за пристрасните индикатори за овој инцидент.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба и стабилност во земјата.

## 6. Врсничко насилство

**Што се случило:** На 24.01.2020 во 15:00 часот во полициската станица Гази Баба, Л. К. (51) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 12:50 часот на улицата „Сава Михајлов“ физички бил нападнат нејзиниот 16-годишен син од друг малолетник. Се работи на расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 24.01.2020 година во 12:50 часот, ул. „Сава Михајлов“, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** еден (1) малолетен сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

*1. Етничкото потекло* – жртвите и напаѓачите биле од различна етничка заедница;

*2.* Локацијата – ова е локација каде се движат лица со различно етничко потекло.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Нема потврда за индикаторите од МВР за овој инцидент.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 7. Врсничко насилство во јавна установа поради меѓусебно нетрпение

**Што се случило:** На 27.01.2020 во 15:00 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 14:45 часот, во двор на јавна установа на ул. „Перо Наков“, Џ. Р. (18) од Скопје, поради меѓусебно нетрпение, била физички нападната од А. Ш. (19) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 27.01.2020 година, околу 14:45 часот, јавна установа на ул. „Перо Наков“, Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** еден (1) сторител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Нема потврда за индикаторите од МВР за овој инцидент.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 8. Четворица малолетници нападнале друг малолетник во центарот на Скопје

**Што се случило:** На 27.01.2020 во 18:00 часот во СВР Скопје, М. С. (56) од Скопје пријавил дека во 16:00 часот на крстосница помеѓу ул. „Македонија“ и ул. „Луј Пастер“, неговиот малолетен син бил физички нападнат од четворица малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот..

**Датум, време и место на инцидентот:** 27.01.2020, 16:00, крстосница помеѓу ул. „Македонија“ и ул. „Луј Пастер“, Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 368, КЗ на РСМ)

**Сторители:** еден идентификуван сторител ( И.Ј. 49).

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничка припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвите и напаѓачите биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Нема потврда за индикаторите од МВР за овој инцидент.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба и стабилност во земјата.

## 9. Физичка пресметка помеѓу две групи пред училиште на бул. „Трета македонска бригада“

**Што се случило:** На 03.02.2020 во 17:00 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред училиште на бул. „Трета македонска бригада“ дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка

помеѓу две групи, меѓу кои имало малолетници. Притоа, У. Д. (18) од Скопје се здобил со убодна рана, по што бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза“ за укажување лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 03.02.2020 година во 17:00 часот, училиште на бул. „Трета македонска бригада“, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** повеќе неидентификувани сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

*1.* Етничкото потекло – жртвите и напаѓачите биле од различна етничка заедница;

*2.* Локацијата – претходни инциденти на локацијата.

**Статус на случајот:** непознато

**Одговор на локалните власти:** Нема потврда за индикаторите од МВР за овој инцидент.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 10. Физичка пресметка помеѓу студенти во студентски дом во Скопје

**Што се случило:** На 04.02.2020 во 23:30 часот во СВР Скопје, П. С. (24) од с. Миравци, гевгелиско, пријавил дека околу 23:00 часот во студентски дом на бул. „Александар Македонски“, тој и М. М. (22) од Р. Србија биле физички нападнати од Г. В. (21) од Р Албанија; сите студенти биле сместени во домот. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

**Датум, време и место на инцидентот:** 04.02.2020 година во 23:00 часот, студентски дом на бул. „Александар Македонски“, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** две (2) жртви

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** еден (1) идентификуван сторител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

*1.* Етничкото потекло – жртвите и напаѓачите биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 11. Нацртани нацистички симболи на билборди

**Што се случило:** На 03.02.2020 како дел од уметничка акција, во Битола беа поставени три рекламни билборди на три различни локации. На рекламните билборди бил прикажан фиктивен лек „Хомофобиол“ како дел од уметничка авторска интервенција на јавен простор. Уште истата вечер, два билборда во градот биле испрскани со бела боја, а веќе следната вечер, на 04.02.2020 биле нацртани нацистички знакови со црна боја. На 05.02.2020, билбордите биле целосно испрскани со црна боја. На 14.02.2020, ЛГБТИ Центарот за поддршка настанот го пријави пред МВР СВР Битола.

**Датум, време и место на инцидентот:** 03.02.2020 година, неопределено време, Битола.

**Извор на информации:** Пријава до Хелсиншки комитет за човекови права

**Инволвирани жртви:** неопределени

**Вид злосторства:** Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319 од Кривичен законик).

**Сторители:** непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е сексуалната ориентација, а пристрасните индикатори се:

1. *Сексуална ориентација* – присуството на ЛГБТИ заедницата во јавниот простор е мета на насилство, обиди за бришење и вандализам;
2. *Модел на претходни инциденти* – присуство на говор на омраза и претходни напади на лица од ЛГБТИ заедницата.

**Статус на случајот:** Поднесена пријава до СВР Битола.

**Одговор на локалните власти:** Нема потврда од МВР за индикаторите на овој инцидент.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните групи во општеството.

## 12. Напад врз студент во автобус поради неговата етничка припадност

**Што се случило:** На 09.02.2020, по претходно недоразбирање со друг сопатник во автобус бр. 45, С. У. бил нападнат од страна на двајца контролори на ЈСП. Едниот контролор станал и од цел автобус, му побарал билет на С. У., издвојувајќи го него. Додека С. У. го пријавувал настанот во полиција на бројот 192 и разговарал со полицаецот, следувале низа закани од страна на контролорите дека ќе го удрат. Викале по него и насилно се однесувале. Потоа го фатиле за рака и насилно го турнале надвор, при што паднал телефонот на С. У. За цело ова време лицето разговарало на телефон со полицискиот службеник од 192. Откако го симнале на станицата, исто така насилно му го одзеле билетот. Го провериле и се увериле дека имал годишен билет и потоа билетот му го фрлиле на земја. Еден од контролорите запалил цигара и се заканил дека ќе му ја изгаси од чело. Пред да заминат, му се закаsuccessful заканиле со зборовите дека не знае со кој си има работа.

На 25.02.2020, Хелсиншкиот комитет поднесе кривична пријава против Н. Н. службени лица во ЈСП вработени како контролори за сторено кривично дело „Расна и друга дискриминација“, член 417 од Кривичниот законик.

**Датум, време и место на инцидентот:** 09.02.2020, точно неопределено време, во автобус бр. 45, Скопје

**Извор на информации:** пријава до Хелсиншки комитет за човекови права

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** „Расна и друга дискриминација“ (Член 417, КЗ на РСМ)

**Сторители:** двајца (2) неидентификувани сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвите и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Локација* – претходни напади на лица во автобуси.

**Статус на случајот:** Поднесена кривична пријава против Н.Н. службени лица во ЈСП вработени како контролори за сторено кривично дело „Расна и друга дискриминација“, член 417 од Кривичниот законик.

**Одговор на локалните власти:** Нема потврда од МВР за индикаторите на овој инцидент.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 13. Младо момче прободено со остар предмет на автобуска постојка во с. Бојане

**Што се случило:** На 10.02.2020 во 15:50 часот во СВР Скопје, од Градската општа болница „8 Септември“ било пријавено дека кај нив било примено лице со убодна рана од остар предмет. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека станува збор за Ш. М. (18) од с. Чајлане, скопско. Според пријавеното, околу 15:00 часот во с. Бојане, на автобуска постојка во автобус влегол Ј. Н. од с. Бојане и со остар предмет му нанел убодна рана во пределот на левата натколеница. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 10.02.2020, 15:00 часот, автобуска постојка во с. Бојане

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 243 од Кривичен законик).

**Сторители:** еден идентификуван сторител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничка припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничка припадност* – сторителот и жртвата се од различна етничка припадност;
2. *Модел на претходни инциденти* – на овој инцидент му претходат инциденти.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата и безбедносна состојба во земјата.

## 14. Насилство врз деца Ромчиња во автобус бр. 5 на ЈСП

**Што се случило:** На 12.02.2020 година, околу 21:00 часот, во автобус број 5 на ЈСП, непознато лице, револтиран од бучавата во автобусот, се упатил кон децата од ромска етничка припадност кои зборувале со висок тон и пееле. Сторителот започнал да им се обраќа со висок тон да престанат со бучава. Некои од децата престанале со бучавата, но пријавениот продолжил да ги навредува и омаловажува децата врз основа на етничка припадност и боја на кожа, велејќи им: „Ни ја гнасите државата, од вас нема спас“. Потоа, едно од децата кое претходно пеело и било облечено во црвена јакна, било физички нападнато од страна на сторителот со удар по окото и со неколку удари по главата. Пријавениот освен

што физички го нападнал детето, тој му ја загрозил и сигурноста на начин што му се заканувал по живот и телото и го заплашувал дека ќе го одведе на непознато место. Дополнително, децата од страна на сторителот биле принудувани да го чистат ѓубрето во автобусот, а кога се доближил автобусот кон автобуската постојка кај Т.Ц. „Бисер”, сторителот го фатил детето кое физички го малтретирал и му кажал дека треба со него да се симне на таа постојка. Сторителот присилно го извлекол детето надвор од автобусот по што го влечел по асфалтот на земја и му ја удрил главата од банкоматот на „НЛБ“ банка кој се наоѓа кај автобуската постојка. Во тој момент неколку непознати момчиња се стрчале кон сторителот, по што тој избегал од местото.

**Датум, време и место на инцидентот:** 12.02.2020 година во 21:00 часот, автобуска линија бр. 5, кон Аеродром.

**Извор на информации:** претставка до Хелсиншки комитет

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** „Насилство“ (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** еден (1) неидентификуван сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничка припадност* – сторителот и жртвата припаѓаат на различни етнички заедници;
2. *Модел на претходни инциденти* – на овој инцидент му претходат инциденти во јавниот превоз;
3. *Присуство на говор на омраза:* сторителот ги омаловажувал жртвите врз основа на етничка припадност и боја на кожа велејќи им: „Ни ја гнасите државата, од вас нема спас“.

**Статус на случајот:** На 25.02.2020, Хелсиншкиот комитет поднесе кривична пријава против Н.Н. лице за сторено кривично дело „Насилство“ од чл. 386 ст. 5 од КЗ.

**Одговор на локалните власти:** Нема потврда од МВР за пристрасните индикатори од овој случај.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата.

## 15. Насилство во автобус бр. 57

**Што се случило:** На 19.02.2020 околу 13:00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во автобус бр. 57, кој сообраќал на релација Радишани – Бутел, на ул. „Александар Урдаревски“, поради меѓусебно нетрпение, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу три малолетници од 15 до 16 години, од една страна, и пет малолетници од 13 до 16 години, од друга страна, сите од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 став 3 и член 34 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

**Датум, време и место на инцидентот:** 19.02.2020 година околу 13:00 часот, автобус бр. 57, ул. „Александар Урдаревски“ Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** повеќе малолетни жртви

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** повеќе малолетни сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвите и напаѓачите биле од различна етничка заедница;

2. *Локацијата* – инцидентот се случил во автобуска линија каде што се движи мешано население.

**Статус на случајот:** затворен.

**Одговор на локалните власти:** Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 став 3 и член 34 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 16. Нападнат малолетник во Аеродром

**Што се случило:** На 21.02.2020 во 17:00 часот во СВР Скопје, Б. И. (56) од с. Брест, скопско, пријавил дека околу 13:10 часот во близина на маркет на ул. „Вењамин Мачуковски" неговиот 17-годишен син бил физички нападнат од Е. Н. и О. Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 21.02.2020, 13:10 часот, во близина на маркет на ул. „Вењамин Мачуковски", Скопје.

**Извор на информации:** билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик), Телесна повреда (Член 130 од Кривичен законик).

**Сторители:** двајца (2) идентификувани сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите се од различно етничко потекло;

2. *Модел на претходни инциденти* – напади на осамени малолетни лица на улица, блиску училиште, во автобус.

**Статус на случајот:** непознат.

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив (училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 17. Врсничко насилство во основно училиште во Бутел 1

**Што се случило:** На 25.02.2020 во 12:30 часот во полициската станица Чаир, Е. А.(42) од Скопје пријавил дека на 14.02.2020 неговиот малолетен син, ученик во основното училиште „Живко Брајковски", по завршување на часовите, во близина на училиштето, физички бил нападнат од двајца негови соученици. Се преземаат мерки за расчистување на случајот..

**Датум, време и место на инцидентот:** 14.02.2020 година, ОУ „Живко Брајковски".

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва.

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен Законик).

**Сторители:** двајца (2) малолетни сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Разлика во етничкото потекло* – жртвата со напаѓачите се од различно етничко потекло;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на осамени малолетни лица на улица, блиску училиште, во автобус.

**Статус на случајот:** Непознат.

**Одговор на локалните власти:** Од МВР се преземаат мерки за откривање на сторителите.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено безбедноста на децата и младите луѓе во средини кои треба да се сигурни и безбедни за нив (училишта, јавен превоз, населби во кои живеат и се движат).

## 18. Нападнати малолетници во Скопје

**Што се случило:** На 27.02.2020 во 01:00 часот во СВР Скопје, Г. А. (57) од Скопје, а потоа во 03:00 часот З. Ѓ. (42) од Скопје пријавиле дека на 26.02.2020 нивните малолетни синови бил физички нападнати од четири лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 26.02.2020 година, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** две малолетни жртви

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** четири (4) непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвите и напаѓачите биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 19. Физичка пресметка меѓу ученици во трговски центар во Скопје

**Што се случило:** На 01.03.2020 во 20:45 часот било пријавено дека во трговски центар во Скопје бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А. Т. (20), Б. Х. (20) и Ф. П. (21), сите од Скопје, од една страна и Е. М. (21), Е. М. (24) и А. И. (24), сите од с. Долно Свиларе, Сарај, од друга страна. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 став 3 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

**Датум, време и место на инцидентот:** 01.03.2020 година, трговски центар во Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** повеќе жртви

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен Законик)

**Сторители:** повеќе сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 став 3 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 20. Киберкриминал од омраза

**Што се случило: На 11.03.2020,** СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д. Р. (46) од охридското село Подмоље, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". Тој, на 26.11.2019 на социјалната мрежа Фејсбук напишал недолични коментари, ширел расистички и ксенофобичен пишан материјал со што поттикнувал омраза, дискриминација или насилство, предизвикувајќи чувство на страв и несигурност.

**Датум, време и место на инцидентот:** неопределено точно време, на социјалната мрежа Фејсбук

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** неопределени

**Вид злосторства:** Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем (Член 394-г став 1 од Кривичен законик)

**Сторители:** еден (1) идентификуван сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – повикување и ширење етничка омраза и повикување насилство преку социјалните мрежи е сè почест начин на извршување дела од омраза.

**Статус на случајот:** поднесена кривична пријава од страна на СВР-Охрид до ОЈО Охрид

**Одговор на локалните власти:** Поднесена кривична пријава против Д. Р. (46) од охридското село Подмоље

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 21. Малолетник нападнат пред угостителски објект на бул. „Јане Сандански"

**Што се случило:** На 11.03.2020 во 23:21 часот во СВР Скопје, С. А. (53) од с. Патишка Река, скопско, пријавил дека околу 23:00 часот во угостителски објект на бул. „Јане Сандански", неговиот 17-годишен син бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 11.03.2020 година, 23:00 часот, угостителски објект на бул. „Јане Сандански" Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** двајца (2) сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 22. Три лица нападнале малолетник

**Што се случило:** На 13.03.2020 во 22:00 часот во СВР Скопје, Р. Р. (50) од Скопје, пријавил дека околу 20:00 часот на ул. „Мара Маждуречка" неговиот 16-годишен син бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 13.03.2020, 20:00 часот, ул. „Мара Маждуречка" Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** тројца (3) сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 23. Физички напад врз малолетник

**Што се случило:** На 21.03.2020 во 17:30 часот М. М. (39) од Скопје пријавила дека на 20.03.2020 околу 16:30 часот на ул. „Александар Урдаревски", нејзиниот 17-годишен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се работи на расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 21.03.2020 година, 16:30 часот, ул. „Александар Урдаревски", Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** еден (1) малолетен сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 24. Физички напад на тераса од угостителски објект на бул. „Трета македонска бригада“

**Што се случило:** На 09.03.2020 во 01:00 часот во СВР Скопје, Н. П. (44) од с. Марино, скопско, пријавил дека околу 00:05 часот на тераса од угостителски објект на бул. „Трета македонска бригада“, неговиот 17-годишен син и М. И. (18) од с. Јурумлери, скопско, биле физички нападнати од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 09.03.2020 година, 00:05 часот, угостителски објект на бул. „Трета македонска бригада“ Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** две (2) жртви (1 малолетна)

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** двајца (2) сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 25. Физички напад на бул. „Видое Смилевски Бато“

**Што се случило:** На 17.03.2020 во 08:30 часот В. А. (30) од Скопје пријавил дека на бул. „Видое Смилевски Бато“ бил физички нападнат од три лица. Се работи на расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 17.03.2020 година, 08:30 часот, бул. „Видое Смилевски Бато“ Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** тројца (3) сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 26. Насилство во автобус бр. 65

**Што се случило:** На 02.04.2020 во 18:00 часот во СВР Скопје, А. С. (54) од Скопје пријавил дека околу 17:45 часот во автобус на ЈСП бр. 65, кој се движел на релација Раштак-Центар, на ул. „Алија Авдовиќ", бил физички нападнат од две непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 02.04.2020, 17:45 часот во автобус на ЈСП бр. 65, ул. „Алија Авдовиќ", Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** двајца (2) непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвите и напаѓачите биле од различна етничка заедница. Во тој дел на градот живее население од различни етнички заедници, претежно Македонци, Роми и Албанци.

**Статус на случајот:** непознато

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 27. Нападнати мигранти во близина на с. Љубодраг и с. Ново Село

**Што се случило:** На 03.04.2020 во СВР Куманово М. А. (27) од Сирија пријавил дека околу 19:30 часот во близина на с. Љубодраг и с. Ново Село, кумановско, неколку непознати лица кои биле со возило, со закана со ножеви им побарале пари на пријавувачот, на неговиот брат и на уште двајца нивни пријатели, по што и физички ги нападнале одземајќи им 100 евра и два мобилни телефони. Се работи на расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 03.04.2020, 19:30 часот во близина на с. Љубодраг и с. Ново Село, кумановско.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Разбојништво (Член 237 од Кривичен законик)

**Сторители:** неколку непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвите и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Локација* – настанот се случил на место каде што поминува рутата на мигрантите и бегалците кои транзитираат преку државата.

**Статус на случајот:** непознато

**Одговор на локалните власти:** Се работи на расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 28. Оштетени споменици на гробиштата „Камник“

**Што се случило:** На 09.04.2020 во 10:15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Јужноморавски бригади“, на гробиштата „Камник“, од непознат сторител биле оштетени околу 50 споменици. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 09.04.2020 во 10:15 часот, ул. „Јужноморавски бригади“, на гробиштата „Камник“, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид злосторства:** „Скврнавење гроб“, (Член 400 од КЗ)

**Сторители:** еден (1) познат сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Начин* – и претходно се регистрирани инциденти каде се скврнавени гробови на православни гробишта во овој дел од градот.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 29. Нападнати мигранти на пат од с. Лојане кон с. Ваксинце

**Што се случило:** На 10.04.2020 во 03:00 часот во СВР Куманово, М. Ј. (21) и А. А. (23), двајцата од Пакистан, пријавиле дека на 09.04.2020 околу 22:00 часот на пат од с. Лојане кон с. Ваксинце, со употреба на сила им биле одземени пари и мобилен телефон од пет непознати лица од Пакистан, а потоа биле физички нападнати, при што М. Ј. бил повреден со нож, а. А. со тврд предмет. М. Ј и А. А. биле пренесени во Општата болница Куманово за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Куманово и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 09.04.2020 околу 22:00 часот на пат од с. Лојане кон с. Ваксинце.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** две (2) жртви

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** пет (5) сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. Етничкото потекло – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. Локација – настанот се случил на место каде што поминува рутата на мигрантите и бегалците кои транзитираат преку државата.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 30. Ограбена црква во с. Смилковци

**Што се случило:** На 11.04.2020 во 17:30 часот во СВР Скопје, Б. Т. (52) од с. Цршево, скопско, пријавил дека во периодот од 16:00 до 16:45 часот, во црква во изградба во с. Смилковци, скопско, непознати лица со употреба на сила влегле и одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 11.04.2020 во периодот од 16:00 до 16:45 часот во црква во изградба во с. Смилковци.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид злосторства:** Разбојничка кражба (Член 238 од КЗ), Оштетување туѓи предмети (Член 243 од КЗ)

**Сторители:** непознат сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е верско уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Целна локација* – религиозен објект;
2. *Модел на претходни инциденти.*

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата.

## 31. Политички мотивиран киберкриминал

**Што се случило: На 13.04.2020,** Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР до Основното јавно обвинителство – Скопје поднесе кривична пријава против Б. Т. (68) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „Загрозување на сигурноста“ предвидено и казниво по чл. 144 ст. 4 и „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ предвидено и казниво по чл. 394-г од КЗ. Имено, пријавениот преку социјалната мрежа Фејсбук на 13.04.2020 објавил статус со навредлива и заканувачка содржина кон претседател на политичка партија.

**Датум, време и место на инцидентот:** 13.04.2020 точно неопределено време, социјална мрежа Фејсбук.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Загрозување на сигурноста (Чл. 144 ст. 4) и Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем (Член 394-г од КЗ)

**Сторители:** еден (1) идентификуван сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Политичка припадност* – жртвата и напаѓачите имаат различни политички уверувања;

*2. Модел на претходни инциденти* – повикување и ширење етничка омраза и повикување насилство преку социјалните мрежи е сè почест начин на извршување дела од омраза.

**Статус на случајот:** идентификуван сторител

**Одговор на локалните власти:** Поднесена кривична пријава.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата.

## 32. Напад со тврд предмет на лице во Бутел

**Што се случило:** На 20.04.2020 во 22:20 часот во СВР Скопје, Ф. З. (51) од Скопје пријавил дека околу 17:00 часот на ул. „Радишанска“ во Скопје бил нападнат со тврд предмет од неколку непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 20.04.2020, 17:00 часот на ул. „Радишанска“

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик). Телесна повреда (член 135 КЗ)

**Сторители:** повеќе непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Локација* – настанот се случил во населба каде живее мешано етничко население и каде постои нетрпеливост помеѓу етничките заедници.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 33. Повикување насилство преку социјални мрежи

**Што се случило: На 22.04.2020,** СВР Битола поднесе кривична пријава против Ј. Ф. (42) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“. Пријавениот на 28.03.2020 во 06:51 часот, на својот профил на социјалната мрежа Фејсбук, споделил фотографија од автобуси кои превезувале македонски државјани пристигнати од странство и биле сместени во карантин во хотел во Битола и јавно повикал лицата, кои биле донесени и сместени во хотелот, да бидат запалени и убиени.

**Датум, време и место на инцидентот:** 28.03.2020 во 06:51 часот, на својот профил на социјалната мрежа Фејсбук.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** неопределени

**Вид злосторства:** „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“.

**Сторители:** еден (1) идентификуван сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

Модел на претходни инциденти – повикување и ширење етничка омраза и повикување насилство преку социјалните мрежи е сè почест начин на извршување дела од омраза.

**Статус на случајот:** идентификуван сторител

**Одговор на локалните власти:** Поднесена соодветна кривична пријава.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 34. Кривична пријава против тројца малолетници поради физички напад врз друг малолетник

**Што се случило:** На 25.04.2020, СВР Куманово поднесе кривична пријава против тројца малолетници на 17, 16 и 14 години, сите од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „Насилство“. На 23.02.2019 околу 01:15 часот кај Спомен костурницата во Куманово, пријавените физички го нападнале А. А., кој се здобил со повреди.

**Датум, време и место на инцидентот:** На 23.02.2019 околу 01:15 часот кај Спомен костурницата во Куманово

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство

**Сторители:** тројца (3) идентификувани малолетни сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – сторителите и жртвата имаат различна етничка припадност;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на осамени малолетни лица на улица, блиску училиште, во автобус.

**Статус на случајот:** идентификувани сторители

**Одговор на локалните власти:** Поднесена кривична пријава.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 35. Сериозна закана кон владин функционер на Фејсбук

**Што се случило:** На 28.04.2020 Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР на РСМ, поради постоење на основано сомневање за сторено кривично дело „Загрозување на сигурноста“ по чл. 144 ст. 4 поднесе кривична пријава против С. М. (45) од Скопје. Пријавениот на својот профил на социјалната мрежа Фејсбук, на 24.04.2020 во 09:25 часот, упатил сериозна закана насочена кон животот на владин функционер.

**Датум, време и место на инцидентот:** 24.04.2020 во 09:25 часот, социјална мрежа Фејсбук.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една жртва

**Вид злосторства:** „Загрозување на сигурноста“ по чл. 144 ст. 4

**Сторители:** еден (1) идентификуван сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – повикување и ширење етничка омраза и повикување насилство преку социјалните мрежи е сè почест начин на извршување политички мотивирани дела од омраза.

**Статус на случајот:** идентификуван сторител

**Одговор на локалните власти:** Поднесена кривична пријава.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата.

## 36. Тепачка и повредени на ул. „Рузвелтова“

**Што се случило:** На 02.05.2020 во 13:16 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св. Наум Охридски“, Е. А. (25) од Штип бил донесен со тешки телесни повреди од остар предмет. Според исказот на повредениот, со повредите се здобил во близина на Трговскиот центар „Мавровка“ кога тој, неговата сопруга и неговиот брат биле нападнати од четири непознати лица. За настанот бил известен Јавниот обвинител. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 02.05.2020, во периодот помеѓу 12:00 и 13:00 часот во близина на Трговскиот центар „Мавровка“

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** три (3) жртви

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен Законик), Телесна повреда (член 130 од КЗ)

**Сторители:** двајца (2) сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 37. Врсничко насилство во Драчево

**Што се случило:** На 04.05.2020 во 01:15 часот В.Ч.(38) од Скопје пријавил дека на 03.05.2020 околу 23:40 часот на ул. „Македонско-косовска бригада“, тој и Џ. А. (40) биле физички нападнати од повеќе непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 03.05.2020 околу 23:40 часот на ул. „Македонско-косовска бригада“

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** две (2) жртви

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** повеќе непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница.
2. *Локација* – претходни инциденти на истата локација.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 38. Говор на омраза кон политичари

**Што се случило:** На 08.05.2020, Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика поднесе кривична пријава против Б. П. (32) од Скопје, кој работи во Р Германија, поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“. Пријавениот, по пат на информатички систем, на 06.05.2020 до електронската пошта на функционер од политичка партија и до електронска пошта на Владата на Р С. Македонија испратил текст со говор на омраза. Потоа, Б. П. на својот профил на социјалната мрежа Фејсбук споделил објави во кои имало говор на омраза, а се однесуваат на претседател на политичка партија. Исто така, истиот ден Б. П. на објавен пост на Фејсбук профил на една ТВ куќа имал објава во која се ширел говор на омраза.

**Датум, време и место на инцидентот:** неопределено точно време, социјална мрежа Фејсбук

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** повеќе жртви

**Вид злосторства:** Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем

**Сторители:** еден (1) идентификуван сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – повикување и ширење етничка омраза и повикување насилство преку социјалните мрежи е сè почест начин на извршување политички мотивирани дела од омраза.

**Статус на случајот:** идентификуван сторител

**Одговор на локалните власти:** Поднесена кривична пријава.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата.

## 39. Физички напад на ул. „Втора македонска бригада“

**Што се случило:** На 12.05.2020, СВР Охрид поднесе кривична пријава против Б. Б. (30) од Охрид, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“. Во периодот од март до април 2020 година, пријавената преку компјутерски систем објавила содржина со која ширела ксенофобичен материјал и поттикнала омраза.

**Датум, време и место на инцидентот:** неопределено точно време (март до април 2020), социјална мрежа Фејсбук

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид злосторства:** „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“.

**Сторители:** еден (1) идентификуван сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – повикување и ширење етничка омраза и повикување насилство преку социјалните мрежи е сè почест начин на извршување дела од омраза.

**Статус на случајот:** идентификуван сторител

**Одговор на локалните власти:** Поднесена кривична пријава.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 40. Нападнат Скопјанец од три непознати лица

**Што се случило:** На 15.05.2020 во 18:00 часот М. Б. (34) од Скопје пријавил дека на ул. „Брсјачка буна“ бил физички нападнат од три непознати лица. Се работи на расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 15.05.2020, 18:00 часот, ул. „Брсјачка буна“ Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** тројца (3) непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Локација* – во овој дел од градот и претходно е регистриран ваков вид инциденти.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 41. Лице нападнато на бул. „Крсте Мисирков“

**Што се случило:** На 25.05.2020 во 13:49 часот во СВР Скопје, Д. К. (21) од Скопје пријавил дека околу 13:25 часот на бул. „Крсте Мисирков“, бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 25.05.2020, 13:25 часот на бул. „Крсте Мисирков“

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** тројца (3) непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Локација* – во овој дел од градот и претходно е регистриран ваков вид инциденти.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 42. 15-годишен мигрант од Авганистан пронајден со прострелни рани на магистралниот пат Куманово-Табановце

**Што се случило:** На 26.05.2020 во 18:25 часот во СВР Куманово било пријавено дека на магистралниот пат Куманово-Табановце имало лице кое лежи покрај патот. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека се работи за лице мигрант од Авганистан на возраст од околу 15 години, кој имал повреди на ногата. Тој бил пренесен во Општата болница Куманово каде му била констатирана прострелна рана во десната потколеница и му била укажана лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 26.05.2020, 18:25, магистрален пат Куманово-Табановце

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик), Телесна повреда (член 130 КЗ)

**Сторители:** непознато

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е статусот на мигрант, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвите и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Локација* – место каде што поминува нерегуларната рута низ која што се движат мигранти и каде што честопати се случуваат инциденти поради нивниот статус на мигрант.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу припадниците на различни религии во општеството.

## 43. Физички нападнат малолетник во „Ранка Милановиќ“

Што се случило На 27.05.2020 во 23:30 часот во СВР Скопје, Г. А. (47) од Скопје пријавил дека околу 21:45 часот во парк на ул. „Методија Андонов-Ченто“, неговиот 14-годишен син бил физички нападнат со тврди предмети од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот**.**

**Датум, време и место на инцидентот:** 27.05.2020, 21:45 часот во парк на ул. „Методија Андонов-Ченто“, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** 1 малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** повеќе сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Локација* – во овој дел од градот и претходно е регистриран ваков вид инциденти.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** нема конкретен одговор, се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството, и особено лошо се одразуваат на развојот и поведението на децата.

## 44. Оштетен штаб на политичка партија на ул. „Анри Барбис“

**Што се случило:** На 31.05.2020 во 12:26 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Анри Барбис“, непознат сторител оштетил стакло од штаб на политичка партија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** На 31.05.2020 во 12:26 часот, ул. „Анри Барбис“, Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид злосторства:** „Оштетување туѓи предмети“, чл. 243 од КЗ

**Сторители:** непознат сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Целна локација* – политички/општински објект;
2. *Модел на претходни инциденти* – пред секои изброи се регистрираа ваков вид инциденти.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** полицијата работи на расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна и политичка состојба во земјата.

## 45. Малолетник физички нападнат на крстосница од ул. „Иван Хаџиниколов“ и ул. „Киро Фетак“

**Што се случило:** На 02.06.2020 во 02:30 часот во СВР Скопје, С. П. (45) од Скопје пријавил дека на 01.06.2020 околу 23:15 часот на крстосница од ул. „Иван Хаџиниколов“ и ул. „Киро Фетак“. неговиот 14-годишен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 01.06.2020 околу 23:15 часот на крстосница од ул. „Иван Хаџиниколов“ и ул. „Киро Фетак“

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** еден (1) непознат сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Локација* – во овој дел од градот и претходно е регистриран ваков вид инциденти.

**Статус на случајот:** непознато

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 46. Младо момче повредено со остар предмет кај трговскиот Рамстор во Скопје

**Што се случило:** На 09.06.2020 околу 19:.30 часот во СВР Велес, А. С. Н. и Ј. А., двајцата од Авганистан, пријавиле дека две лица физички ги нападнале и им одзеле пари. Според пријавеното, додека тие се движеле по автопатот кон Р Србија, во близина на с. Каласлари, велешко, едно од лицата им понудило да ги одвезе до граница за сума од 200 евра и тие прифатиле. Според пријавата, кога влегле во неговото возило, дошло и другото лице и по кратко возење застанале и физички ги нападнале, им се заканиле со пиштол и им ги одзеле парите. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 09.06.2020 околу 19:30 часот, с. Каласлари, велешко

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** две (2) полнолетни жртва

**Вид злосторства: „**Разбојништво**“** (Член 237 од КЗ), Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** двајца (2) непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е статусот на мигрант, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвите и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Локација* – место каде што поминува нерегуларната рута низ која што се движат мигранти и каде што честопати се случуваат инциденти поради нивниот статус на мигрант.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 47. Киберкриминал од омраза

**Што се случило:** На 17.06.2020, СВР Охрид поднесе кривична пријава против О. Д.(23) од с. Лабуништа,струшко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело “Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“. На 31.03.2020 на социјалната мрежа Фејсбук, пријавениот објавил навредлива и заканувачка содржина, со што во јавноста ширел расистички и ксенофобични изјави, промовирал и поттикнувал омраза и дискриминација против одредена група на граѓани.

**Датум, време и место на инцидентот:** неопределено точно време, социјална мрежа Фејсбук.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид злосторства:** Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем (Член 394-г од Кривичен законик)

**Сторители:** еден (1) познат сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – сторителот ширел говор на омраза против различна етничка заедница;
2. *Начин на сторување* – многу често социјалните медиуми, особено Фејсбук, се користат како простор за сторување ваков вид инциденти.

**Статус на случајот:** поднесена кривична пријава

**Одговор на локалните власти:** Сторителот бил приведен и против него ќе биде поднесен соодветен поднесок за кривично дело по член 394-г од КЗ.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 48. Физички напад во Градскиот парк во Скопје

**Што се случило:** На 20.06.2020 во 01:20 часот во СВР Скопје, Б. П. (19) од Скопје пријавил дека во 00:30 часот во Градскиот парк кај фонтаната на бул. „Илинден“, додека бил заедно со А. М., по претходно недоразбирање бил физички нападнат со стаклено шише од пет непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 20.06.2020, 00:30 часот во Градскиот парк кај фонтаната на бул. „Илинден“

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** две (2) жртви

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** пет (5) непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Локација* – настанот се случил на место каде што се движи мешано етничко население.

**Статус на случајот:** непознато

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 49. 17-годишен ученик истепан во ГУЦ Здравко Цветковски

**Што се случило:** На 21.06.2020 во 21:27 часот во СВР Скопје, Т. С. (39) од Скопје пријавил дека околу 20:45 часот во паркот „Пушкин“ на ул. „Пушкинова“, неговиот малолетен син бил физички нападнат од непознато лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 21.06.2020, 20:45 часот во паркот „Пушкин“ на ул. Пушкинова

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** еден (1) непознат сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** полицијата работи на расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено негативно се одразуваат на развојот и безбедноста на децата.

## 50. Малолетник претепан на ул. „Ѓорѓи Казепов“

**Што се случило:** На 21.06.2020 во 22:30 часот во СВР Скопје, И. С. (33) од Скопје пријавил дека околу 22.00 часот на ул. „Ѓорѓи Казепов“, неговиот малолетен син бил физички нападнат со камен од друго малолетно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 21.06.2020, 22:00 часот, на ул. „Ѓорѓи Казепов“, Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР, електронски медиум

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** еден (1) малолетен сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството, особено безбедноста на децата и младите луѓе.

## 51. Разбојништво врз мигранти од Авганистан

**Што се случило:** На 23.06.2020, СВР Велес поднесе кривична пријава против М. Д. (21) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „Разбојништво“. На 09.06.2020 пријавениот, додека се движел со патничко возило „хјундаи пони“ заедно со малолетник од Куманово, во близина на с. Караслари ги забележале А. С. Н. и Ј. А. од Авганистан како се движеле по автопатот од Р Грција кон Р Србија. Им понудиле да ги транспортираат до границата со Р Србија за 200 евра и оштетените влегле во возилото, по што се упатиле кон стариот пат за Велес. Во еден момент пријавениот го сопрел возилото и побарал уште 200 евра за да стави гориво. Оштетените не се согласиле поради претходниот договор, па пријавениот и малолетникот физички ги нападнале и им се заканиле дека ќе извадат оружје. Потоа тие им дале 200 евра, а во тој момент од страна на оштетените бил одземен мобилен телефон кој бил сопственост на братот на пријавениот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 09.06.2020, во близина на с. Караслари

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** две (2) жртви

**Вид злосторства:** Разбојништво (чл. 237 од КЗ), Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** еден (1) идентификуван сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е статус на мигрант, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвите и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Локација* – место каде што поминува нерегуларната рута низ која што се движат мигранти и каде што честопати се случуваат инциденти поради нивниот статус на мигрант.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Сторителот бил приведен и против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата.

## 52. 12-годишен малолетник прободен со остар предмет во близина на Зелен пазар во Скопје

**Што се случило:** На 23.06.2020 во 19:59 часот во СВР Скопје, било пријавено дека на плочник во близина на „Зелен пазар“ во Скопје, 12-годишен малолетник бил прободен со остар предмет во пределот на грбот од непознато лице. Малолетникот бил пренесен во Градска општа болница „Наум Охридски“ каде од доктор му биле констатирани повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 23.06.2020, во близина на „Зелен пазар“ во Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик), Телесна повреда (Член 130 од КЗ)

**Сторители:** еден (1) непознат сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничко потекло, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на осамени малолетни лица на улица, блиску училиште, во автобус.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** полицијата работи на расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено негативно се одразуваат на развојот и безбедноста на децата.

## 53. Експлозија во пекара на ул. „Ѓорче Петров“

**Што се случило:** На 21.06.2020, во 03:40 часот, на ул. „Ѓорче Петров“, по пријава рано наутро за експлозија и чад во пекара, полицијата излезе на местото на настанот. Иницијално, полицијата се сомнева на експлозивна направа со оглед на штетата во објектот – предната врата е извадена од рамката, прозорците се скршени и има други штети внатре во објектот. Нема повредени од настанот. Потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Владо Мисајловски, во изјава за медиумите изјави дека пекарата е сопственост на неговото семејство.

**Датум, време и место на инцидентот:** 21.06.2020, во 03:40 часот, пекара на ул. „Ѓорче Петров“.

**Извор на информации:** медиуми

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид злосторства:** Оштетување туѓи предмети (Член 243 од КЗ)

**Сторители:** непознато

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Целна локација* – имотот бил во сопственост на портпарол на политичка партија;
2. *Време* – инцидентот се случи за време на предизборие.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна и политичка состојба во државата.

## 54. Насилство во училиште на ул. „Призренска“

**Што се случило:** На 03.07.2020 во 20:20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во круг на училиште на ул. „Призренска“ дошле три непознати лица со патничко моторно возило „фолксваген туран“ со непознати регистарски ознаки и истите започнале да ги малтретираат А. К. (18) и двајца 15-годишни и еден 17-годишен малолетник, а потоа физички нападнале други 15 и 16-годишни малолетници нанесувајќи им повреди. По ова, непознатите лица испукале 2-3 куршуми во воздух од пиштол, по што напаѓачите го напуштиле местото. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје при што била пронајдена и подигната една чаура. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 03.07.2020, во 20:20 часот, круг на училиште на ул. „Призренска“**,** Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) полнолетна жртва и четири (4) малолетни жртви

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик), Телесна повреда (Член 130 од КЗ)

**Сторители:** тројца (3) непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – напад врз малолетни лица на улица, блиску училиште, во автобус.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено негативно се одразуваат на развојот и безбедноста на децата.

## 55. Лице нападнато во с. Арачиново

**Што се случило:** На 05.07.2020 околу 22:00 часот во СВР Скопје, С. Б. (23) од с. Арачиново пријавил дека на ул. „10", кај мост во с. Арачиново, бил физички нападнат од Б. Н од с. Арачиново и уште три непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 05.07.2020, во 22:00 часот, ул. „10", кај мост во с. Арачиново**,** Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** еден (1) познат сторител и тројца (3) непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 56. Физичка пресметка во автобус бр. 45

**Што се случило:** На 06.07.2020 во 21:00 часот во СВР Скопје, Д. С. (22) од Скопје пријавил дека околу 21:05 часот на ул. „Методија Андонов-Ченто", во автобус бр. 45, поради меѓусебно нетрпение дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу пријавувачот и Д. М. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 06.07.2020, во 21:05 часот, ул. „Методија Андонов-Ченто", во автобус бр. 45**,** Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** еден (1) познат сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;*
2. *Модел на претходни инциденти* – напади врз млади лица на улица, блиску училиште, во автобус.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 57. 16-годишно момче прободено со нож во парк во Чаир

**Што се случило:** На 07.07.2020 во 22:26 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св. Наум Охридски“ бил донесен повреден 16-годишник од Скопје, кој, според пријавеното, околу 22:10 часот на фонтана во парк во населба Чаир, по претходна расправија со две лица, од едното од нив бил прободен со нож. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 07.07.2020, во 22:26 часот, на фонтана во парк во населба Чаир**,** Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик), Телесна повреда (Член 130 од КЗ)

**Сторители:** двајца (2) сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади врз млади лица на улица, блиску училиште, во автобус.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено негативно се одразуваат на развојот и безбедноста на децата.

## 58. Оштетување на партиски штаб на ул. „Срећко Пужалка“

**Што се случило:** На 10.07.2020 во 10:20 часот во полициската станица Гази Баба било пријавено дека на ул. „Срећко Пужалка“ во Скопје било извршено оштетување на штаб на политичка партија, односно на предниот дел на стаклото биле испишани графити со навредлива содржина. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 10.07.2020, во 10:20 часот, ул. „Срећко Пужалка“ во Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид злосторства:** „Оштетување туѓи предмети“, чл. 243 од КЗ

**Сторители:** непознато

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Целна локација* – политички/општински објект;
2. *Модел на претходни инциденти* – пред секои избори се регистрираа ваков вид инциденти.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна и политичка состојба во државата.

## 59. Кривична пријава против лице од с. Туин поради ширење расистички и ксенофобичен материјал на интернет

**Што се случило:** На 10.07.2020, Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Б. А. (30) од с. Туин, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „Злоупотреба на лични податоци“ и „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“. На 17.05.2020 на социјалната мрежа Фејсбук, пријавениот објавил фотографии од двајца полициски службеници без нивна согласност и напишал коментар со кој поттикнува омраза.

**Датум, време и место на инцидентот:** 17.05.2020, на социјална мрежа Фејсбук

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** две (2) жртви

**Вид злосторства:** Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем

**Сторители:** еден (1) познат сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти.*

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Поднесена кривична пријава против сторителот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 60. Физички напад за време на одржувањето на предвремените парламентарни избори

**Што се случило:** На 15.07.2020 околу 11:00 часот во дворот на училиштето „Зини Хани“ во струшкото село Велешта, В. Ќ.(31) и А. Ќ.(28), двајцата од истото село, го нарушиле јавниот ред и мир. Тие најпрво упатиле навредливи зборови, а потоа и физички нападнале полициски службеник кој извршувал службени дејствија во врска со предвремените парламентарни избори. По целосно документирање на случајот, против напаѓачите ќе биде поднесена соодветна пријава.

**Датум, време и место на инцидентот:** 15.07.2020, во 11:00 часот, во дворот на училиштето „Зини Хани“, во струшкото село Велешта

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** двајца (2) идентификувани сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – пред секои изброи се регистрираа ваков вид инциденти.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна и политичка состојба во државата.

## 61. Напад врз двајца малолетници во близина училиште на ул. „Женевска“

**Што се случило:** На 19.07.2020 во 01:30 часот во СВР Скопје, С. К. А. (44) од Скопје пријавила дека на 18.07.2020 околу 21:40 часот, во близина на училиште на ул. „Женевска“ во Скопје, нејзиниот 16-годишен син кој бил заедно со уште еден 16-годишен малолетник, по претходна расправија биле физички нападнати од група непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 19.07.2020, во 21:40 часот, во близина на училиште на ул. „Женевска“ во Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** две (2) малолетни жртви

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** група сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади врз млади лица на улица, блиску училиште, во автобус.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството и особено негативно се одразуваат на развојот и безбедноста на децата.

## 62. Неколку лица физички нападнале момче на бул. „Партизански одреди“

**Што се случило:** На 20.07.2020 во 11:50 часот во олициската станица Ѓорче Петров, Н. М. (22) од Скопје пријавил дека околу 08:00 часот на бул. „Партизански одреди“ бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 20.07.2020, во 08:00 часот, бул. „Партизански одреди“**,** Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** неколку непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;

2. *Модел на претходни инциденти* – напади врз млади лица на улица, блиску училиште, во автобус.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 63. Поднесена кривична пријава за сторено кривично дело „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“

**Што се случило:** На 21.07.2020, СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ј. Ј. (25) од с. Букојчани, кичевско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“. На 08.05.2020 на објава на официјален профил на МВР, пријавениот напишал коментар со заканувачка содржина, со што поттикнал ширење омраза, дискриминација или насилство.

**Датум, време и место на инцидентот:** 08.05.2020, нема точно определено време и место.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** нема

**Вид злосторства:** Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем

**Сторители:** еден (1) познат сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Поднесена кривична пријава против сторителот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 64. Физичка пресметка за време на државниот празник „Илинден“

**Што се случило:** На 01.08.2020 во 02:05 часот во полициска станица Крушево било пријавено дека на место наречено „Гумење“ во Крушево дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу К. К. (33) од Крушево од една страна, и Х. Ј. (18), Ј. Ѓ. (22), А. Н. (19), Б. Ј. (41) и 16-годишен малолетник сите од Скопје (биле дел од групата која дошла со коњицата од скопско Лисиче) од другата страна, при што заради спречување на физичката пресметка, полициски службеник од полициска станица Крушево од службениот пиштол испукал еден предупредувачки куршум. Полициски службеници од полициска станица Крушево излегле на местото на настанот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 01.08.2020, 02:05 часот, место наречено „Гумење“ во Крушево

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик),

**Сторители:** пет (5) сторители и еден (1) малолетен сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичка припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Политичка припадност* – жртвата и напаѓачите биле симпатизери на различни политички партии;
2. *Време на сторување на инцидентот* – инцидентот се случил за време на државен празник.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна и политичка состојба во земјата.

## 65. Напад врз лице на пешачки премин на ул. „Цветан Димов“

**Што се случило:** На 06.08.2020 во 02:00 часот во СВР Скопје, Г. В. (29) од Скопје пријавил дека околу 01:30 часот, на пешачки премин на ул. „Цветан Димов“, бил физички нападнат од три непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 06.08.2020, во 01:30 часот, ул. „Цветан Димов“, Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик),

**Сторители:** три (3) непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади на улица, блиску училиште, во автобус.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 66. Тројца малолетници нападнати на ул. „11 Октомври“

**Што се случило:** На 05.08.2020 во 20.30 часот во СВР Скопје, 17-годишник од Скопје пријавил дека на ул. „11 Октомври“, додека бил со двајца свои малолетни познаници, две непознати лица кои биле со патничко возило „бмв“, физички го нападнале. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 05.08.2020, во 20:30 часот, ул. „11 Октомври“, Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** три (3) малолетни жртви

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик),

**Сторители:** две (2) непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;

*2. Модел на претходни инциденти* – напади врз млади лица на улица, блиску училиште, во автобус.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 67. Физички напад на ул. „Никола Парапунов“

**Што се случило:** На 10.08.2020 во 01:10 часот, Х. М. (36) од Скопје пријавил дека на 09.08.2020 околу 23:55 часот на ул. „Никола Парапунов“ бил физички нападнат од две непознати лица. Се работи на расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 09.08.2020, во 23:55 часот, ул. „Никола Парапунов“, Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик),

**Сторители:** две (2) непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;

*2. Модел на претходни инциденти* – напади во доцните часови на улица, блиску училиште, во автобус.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 68. Малолетник нападнат на ул. „Народен фронт“

**Што се случило:** На 10.08.2020 во 03:50 часот, И. С. (44) од Скопје пријавил дека на 09.08.2020 околу 23:40 часот на ул. „Народен фронт“, неговиот 17-годишен син бил физички нападнат од едно непознато лице. Се работи на расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 09.08.2020, во 23:40 часот, ул. „Народен фронт“**,** Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик),

**Сторители:** еден (1) непознат сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;

*2. Модел на претходни инциденти* – напади врз млади лица на улица, блиску училиште, во автобус.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 69. Инцидент во Струга помеѓу навивачи од Битола и Струга

**Што се случило:** На 16.08.2020 година околу 21:00 часот во ОВР Струга бил приведен Ѓ. Д. (21) од Битола поради спречување и напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста. Тој, пред почеток на спортски натпревар на „Женска плажа" во Струга, движејќи се со поголема група навивачи од Битола, физички нападнал навивач од Струга, а потоа и полициски службеник кој презел службени мерки за спречување на нападот. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

**Датум, време и место на инцидентот:** 16.08.2020, во 21:00 часот, „Женска плажа", Струга

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик),

**Сторители:** еден (1) идентификуван сторител и повеќе непознати сторители (навивачи)

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – пресметки помеѓу навивачки групи.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 70. Насилство на ул. „Фрањо Клуз"

**Што се случило:** На 22.08.2020 во 00:10 часот во СВР Скопје, А. Р. (28) од Скопје пријавил дека на ул. „Фрањо Клуз" во Скопје бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 22.08.2020, во 00:10 часот, ул. „Фрањо Клуз", Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик),

**Сторители:** неколку непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади во доцни часови на улица, блиску училиште, во автобус.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 71. Физички напад на бул. „АСНОМ“

**Што се случило:** На 22.08.2020 во 15:35 часот во СВР Скопје, Д. Ј. (21) од Скопје пријавил дека околу 11:45 часот на бул. „АСНОМ“ бил нападнат со тврд предмет од К. Н. и уште едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 22.08.2020, во 11:45 часот, бул. „АСНОМ“**,** Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик),

**Сторители:** еден (1) идентификуван сторител и еден (1) непознат сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – претходни напади на истата локација.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 72. Група од три лица снимале и објавиле напад врз лице на ТикТок

**Што се случило:** На 22.08.2020, ТВ Сител го сподели краткото видео објавено на социјалната мрежа ТикТок каде што група од три лица снимаат напад врз едно лице. Во видеото со знамиња е „обележана“ етничката припадност на напаѓачите (албанско знаме) и нападнатиот (македонско знаме). Сепак, разговорот меѓу напаѓачите и нападнатиот не може да се слушне бидејќи е отстранет оригиналниот тон, а на видеото е монтирана музика. Министерството за внатрешни работи објави дека постапува за расчистување на случајот и по расчистувањето ќе ја извести јавноста.

**Датум, време и место на инцидентот:** нема точно определено време, социјална мрежа ТикТок.

**Извор на информации:** медиуми (ТВ Сител)

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик),

**Сторители:** неколку непознати сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент кој се случил пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади врз млади лица на улица, блиску училиште, во автобус.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 73. Физички напад на крстосница од бул. „Гоце Делчев“ со бул. „Крсте Мисирков“

**Што се случило:** На 23.08.2020 во 23:00 часот, С. Р. (47) од Скопје пријавил дека на крстосница од бул. „Гоце Делчев“ со бул. „Крсте Мисирков“ бил физички нападнат од три лица. Се работи на расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 23.08.2020, во 23:00 часот, на крстосница од бул. „Гоце Делчев“ со бул. „Крсте Мисирков“, Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик),

**Сторители:** тројца (3) сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – претходни напади на истата локација.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 74. Физички напад врз малолетник на ул. „Алија Авдовиќ“

**Што се случило:** На 25.08.2020 во 16:30 часот, Д. А. (48) од Скопје пријавил дека на ул. „Алија Авдовиќ“ во Скопје, неговиот 17-годишен син бил физички нападнат од Н. Н. Се работи на расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 25.08.2020, во 16:30 часот, ул. „Алија Авдовиќ“**,** Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** една (1) малолетна жртва

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик),

**Сторители:** еден (1) идентификуван сторител

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – напади врз млади лица на улица, блиску училиште, во автобус.

**Статус на случајот:** непознат

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството.

## 75. Скандирање навредлива содржина што ѝ посакува смрт и: „Гасна комора" на една етничка заедница од страна на навивачи

**Што се случило:** На 13.09.2020 околу 14:50 часот, поточно непосредно пред одржување фудбалски натпревар помеѓу екипите на ФК Вардар и ФК Шкендија на Национална арена „Тодор Проевски" – Скопје, каде навивачи движејќи се кон арената извикувале навредувачки пораки со кои предизвикале национална омраза и нетрпеливост.

**Датум, време и место на инцидентот:** 13 септември 2020 година, 14:50 часот, во Градскиот парк кај фонтаната на бул. „Илинден", Скопје.

**Извор на информации:** електронски медиуми, весници и телевизии.

**Инволвирани жртви:** неопределено

**Вид злосторства:** Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост (Член 319 од Кривичен законик).

**Сторители:** повеќе сторители

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло и локацијата каде се случил нападот (градскиот парк), како и фактот што е предизвикан од навивачка група, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – потенцијалните жртви и напаѓачите се од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – претходни напади на луѓе во близина на стадионот и напади помеѓу навивачки групи.

**Статус на случајот:** поднесено известувањето до ОЈО

**Одговор на локалните власти:** потврда за индикаторите од МВР за овој инцидент

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и влијаат на етничката поларизација што придонесува за дополнителни зголемувања на делата од омраза заради различна етничка припадност.

## 76. Политички мотивирано насилство

**Што се случило:** На 17.09.2020 околу 17:15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Златко Шнајдер" во Скопје, две лица кои биле со мотоцикл, со метални предмети го нападнале Љ. П. (56) од Тетово. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата и расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 17 септември 2020 година, 17:15 часот, улица „Златко Шнајдер", Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР, електронски медиуми, весници и телевизии.

**Инволвирани жртви:** 1 (една) жртва, маж, 56 години.

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик).

**Сторители:** двајца (2) непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е политичката припадност поради тоа што жртвата е водач на граѓанското движење „Трета". Тој е и еден

од лидерите на протестите против промена на името на земјата и е член на политичката партија „Глас за Македонија“, а пристрасните индикатори се:

*Политичка припадност* – жртвата и напаѓачите имаат различни политички уверувања.

**Статус на случајот:** поднесено е писмено известување до ОЈО Скопје против непознат сторител.

**Одговор на локалните власти:** нема потврда за индикаторите од МВР за овој инцидент.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и влијаат на политичката поларизација што придонесува за дополнителни зголемувања на делата од омраза заради различна политичка припадност.

## 77. Малолетник нападнал 22-годишник во Тетово

**Што се случило:** На 19.09.2020 во 00:05 часот во полициска станица Тетово, Ж. С. (22) од Тетово пријавил дека на 18.09.2020 околу 23:00 часот во паркот зад црквата „Св. Никола“ во Тетово, додека бил заедно со И. Д. и П. С., двајцата од Тетово, бил физички нападнат со тврд предмет од две непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 19 септември 2020 година, околу 23.00 часот, зад црквата „Св. Никола“.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва, маж, 22 години.

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик).

**Сторители:** еден познат сторител, малолетник од 16 години, и еден непознат сторител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло и локацијата каде се случил нападот (верски објект), а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачот се од различна етничка заедница;
2. *Религијата или верското уверување* – жртвата и напаѓачот се со различно религиско или верско уверување;
3. *Целна локација* – религиозен објект;
4. *Модел на претходни инциденти* – претходни напади на луѓе во близина на религиозни објекти.

**Статус на случајот:** поднесено е известување против еден од сторителите, 16-годишен малолетник од Тетово.

**Одговор на локалните власти:** Нема потврда за индикаторите од МВР за овој инцидент.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички и јазични групи во општеството, а особено помеѓу младите.

## 78. Скандирање навредлива содржина што посакува смрт на една етничка заедница од страна на навивачи

**Што се случило:** На 19.09.2020 околу 15:00 часот, поточно непосредно пред одржување фудбалски натпревар помеѓу Ф.К. Македонија Ѓ. Петров и Ф.К. Вардар, на бул. Ѓорче Петров во Скопје навивачи движејќи се кон натпреварот извикувале навредувачки пораки со кои предизвикале национална омраза и нетрпеливост.

**Датум, време и место на инцидентот:** 19 септември 2020 година, 15:00 часот, на булевар „Ѓорче Петров“ во Скопје.

**Извор на информации:** електронски медиуми, весници и телевизии.

**Инволвирани жртви:** неопределено.

**Вид злосторства:** Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост (Член 319 од Кривичен законик).

**Сторители:** повеќе сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло и локацијата каде се случил нападот (непосредно пред стадионот), како и фактот што е предизвикан од навивачка група, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – потенцијалните жртви и напаѓачите се од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – претходни напади на луѓе во близина на стадионот и напади помеѓу навивачки групи.

**Статус на случајот:** поднесено известувањето до ОЈО.

**Одговор на локалните власти:** потврда за индикаторите од МВР за овој инцидент.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и влијаат на етничката поларизација што придонесува за дополнителни зголемувања на делата од омраза заради различна етничка припадност.

## 79. Физички нападнат малолетник

**Што се случило:** На 20.09.2020 во 23:00 часот во ПО Шуто Оризари, родител пријавил дека неговиот 17-годишен син бил физички нападнат од 21-годишен маж.

**Датум, време и место на инцидентот:** 20 септември 2020 година, во 23:00 часот, на улица Гвадалахара во општина Шуто Оризари, во Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 1 малолетна жртва.

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик).

**Сторители:** еден сторител, 21-годишен маж.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е претпоставеното етничко потекло поради тоа што малолетникот зборува поинаков јазик од напаѓачот, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – жртвата и напаѓачот зборувале на различен јазик;
2. *Боја на кожа* – жртвата имала поинаква боја на кожа од напаѓачот поради што ѝ била нападната;
3. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачот биле од различна етничка заедница;
4. *Локација* – Шуто Оризари е општина на повеќе етнички заедници и претходно е регистриран ваков вид инциденти.

**Статус на случајот:** Од страна на ПО Шуто Оризари сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од ЗППЈРМ против едно лице

**Одговор на локалните власти:** Нема конкретен одговор, освен реакцијата на полицијата и третирањето на случајот како прекршок, немало дополнително преземање мерки

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и влијаат на политичката поларизација што придонесува за дополнителни зголемувања на делата од омраза заради различна политичка припадност

## 80. Прободен 26-годишен навивач во Градскиот парк во Скопје

**Што се случило:** На 20.09.2020 година околу 00:15 часот, А. Р. (26) (припадник на навивачка група) додека бил со други лица во Градски парк бил нападнат од О. С. (24) и А. Б. (18) (припадници на навивачка група), а првопријавениот О. С. го нападнал со нож. Веднаш по добиената пријава, полициски службеници презедоа соодветни мерки и активности и случајот е расчистен, а сторителите се приведени.

**Датум, време и место на инцидентот:** 20 септември 2020 година, 00:15 часот, во Градскиот парк кај фонтаната на бул. „Илинден", Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР, електронски медиуми, весници и телевизии

**Инволвирани жртви:** 1 (една) жртва, маж, 26 години

**Вид злосторства:** Предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост (Член 319 од Кривичен законик) и насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** двајца (2) сторители, млади мажи од 18 и 24 години

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло и локацијата каде се случил нападот (градскиот парк), како и фактот што е помеѓу навивачки групи, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите се од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – претходни напади на луѓе во близина на стадионот и напади помеѓу навивачки групи

**Статус на случајот:** поднесена кривична пријава против сторителите

**Одговор на локалните власти:** потврда за индикаторите од МВР за овој инцидент

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и влијаат на етничката поларизација што придонесува за дополнителни зголемувања на делата од омраза заради различна етничка припадност. Прободеното 26-годишното момче итно било префрлено во приватна клиника поради тешки телесни повреди и сè уште закрепнува од повредите.

## 81. Полициска бруталност поради различна боја на кожа

**Што се случило:** На 24.09.2020 година на социјалните медиуми беше објавено видео на кое јасно се гледа како во Битола полициски службеници тепаат лица, припадници на ромската заедница. Настанот се случил на 22 септември 2020 година, кога тројца Роми направиле сообраќајна несреќа со автомобил и удриле во бетонски ѕид. Во непосредна близина на сообраќајката имало сообраќајна полиција, која без никаква причина ги извадила лицата од автомобилот и започнала брутално да ги тепа, без притоа да прашаат дали им е потребна медицинска помош. Во полициската станица биле задржани до 5:00 часот наутро, навредувани и вознемирувани со различни погрдни изрази поврзани со нивниот

етнички идентитет, јазик и боја на кожа. Лицата сакале случајот да го пријават во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР, но биле одбиени.

**Датум, време и место на инцидентот:** 22 септември 2020 година во Битола

**Извор на информации:** социјални мрежи, електронски медиуми, весници и телевизии

**Инволвирани жртви:** 5 (пет) жртви, сите полнолетни мажи

**Вид злосторства:** Малтретирање во вршење на службата (Член 143 од Кривичен законик)

**Сторители:** двајца (2) сторители, полнолетни полициски службеници

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е бојата на кожата, претпоставеното етничко потекло и јазикот, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – жртвата и напаѓачот зборувале на различен јазик;
2. *Боја на кожа* – жртвата имала поинаква боја на кожа од напаѓачот поради што ѝ била нападната;
3. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачот биле од различна етничка заедница;
4. *Локација* – Битола е општина на повеќе етнички заедници и претходно е регистриран ваков вид инциденти, особено во кој жртви се лица припадници на ромската заедница.

**Статус на случајот:** по спроведената истрага, Одделот за внатрешна контрола на 25 септември 2020 година поднел кривична пријава против полицискиот службеник Г. П. поради сомнение за сторено кривично дело „Малтретирање во вршење на службата“

**Одговор на локалните власти:** нема потврда за индикаторите од МВР за овој инцидент

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички и јазични групи во општеството и значително ја намалуваат довербата на граѓаните во полицијата

## 82. Физички напад поради различна етничка припадност

**Што се случило:** На 27.09.2020 година во ПС ОН Центар, 21-годишен човек пријавил во полиција дека 21-годишен маж физички го нападнал без очигледна причина

**Датум, време и место на инцидентот:** 27 септември 2020 година во општина Центар во Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** 1 жртва, 21-годишен маж

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** еден сторител, 21-годишен маж

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е претпоставеното етничко потекло поради тоа што жртвата зборувала поинаков јазик од напаѓачот, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – жртвата и напаѓачот зборувале на различен јазик;
2. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачот биле од различна етничка заедница.

**Статус на случајот:** Од страна на ПС ОН Центар сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од ЗППЈРМ против едно лице

**Одговор на локалните власти:** властите сметаат дека со прекршочната пријава, физичкиот напад е расчистен

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички и јазични групи во општеството

## 83. Тепачка помеѓу малолетници во близина на градскиот парк во Скопје

**Што се случило:** На 02.10. околу 20:50 часот, во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „1732", 14 и 15-годишни малолетници, двајцата од Скопје, од една страна и 15-годишен малолетник од с. Шишево од друга страна, го нарушиле јавниот ред и мир со физичка пресметка. Сочинети се записници за констатирани прекршоци по чл. 12 од ЗППЈРМ.

**Датум, време и место на инцидентот:** 2 октомври 2020 година, 20:50 часот во близина на градскиот парк во Скопје, непосредно пред влезот на стадионот

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** 3 жртви, сите малолетни, еден 14-годишник и две 15-годишни момчиња

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** 3 сторители, сите малолетни, еден 14-годишник и две 15-годишни момчиња

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е претпоставеното етничко потекло и тепачката настанала поради тоа што момчињата зборувале различни јазици, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – засегнатите малолетници зборувале на различен јазик;
2. *Етничкото потекло* – инволвираните припаѓаат на различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Од страна на ПС ОН Центар сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од ЗППЈРМ против сите вклучени во инцидентот

**Одговор на локалните власти:** властите сметаат дека со прекршочната пријава, физичкиот напад е расчистен

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички и јазични групи во општеството

## 84. Низа инциденти во село Кравари при одржување на фудбалски натпревар

**Што се случило:** На 11.10.2020 во 18:00 часот, во Полициско одделение Велушница – Битола, А. С. (41) од с. Дрслајца, струшко, фудбалски судија, пријавил дека околу 15:45 часот во с. Кравари, на фудбалски натпревар, бил физички нападнат од А. Р. (25) од Битола, Ј. Ќ. (23) и А. М. (32), двајцата од с. Грнчари, ресенско. Ј. Ќ., пак, пријавил дека додека бил во прекин фудбалскиот натпревар во с. Кравари, бил физички нападнат од Г. Л. (43) од Струга, помошник фудбалски судија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 11 октомври 2020 година, 18:00 часот во село Кравари, битолско.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 2 жртви, 23 годишник и 41 годишник.

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** 4 сторители, на возраст од 23, 25, 32 и 43 години

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничкото потекло поради тоа што фудбалскиот судија и неговиот помошник биле нападнати поради нивната етничка припадност и притоа бил навредувани врз таа основа, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачите биле од различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – пресметки за време на спортски натпревари.

**Статус на случајот:** Од страна на СВР Битола – ПО ***Велушина се преземаат мерки и активности за расчистување на случајот***

**Одговор на локалните власти:** властите сметаат дека против сторителите ќе бидат поднесени прекршочни пријави согласно Законот за спречување на насилство и недолично однесување на спортски натпревари

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички групи во општеството

## 85. Полициска бруталност со елементи на реваншизам насочена кон Роми во Битола

**Што се случило:** На 21.10.2020, само неколку недели по случајот со претепаните Роми од страна на полициски службеници во Битола, граѓанската иницијатива АВАЈА сподели информации со јавноста за нов случај во Битола со индикации за полициска бруталност, но и со елементи на реваншизам од страна на полициските службеници. Според АВАЈА, овој пат полицијата употребила прекумерна сила врз повозрасна Ромка и нејзиниот син: „Синот на жената бил излезен на пауза од работа за да јаде и не носел маска во моментот поради тоа што јадел, но полицаецот му пристапил за да го легитимира поради тоа што не носел маска на отворено и да го казни (ИАКО МЕРКИТЕ СÈ УШТЕ НЕ СЕ УСВОЕНИ). Личната карта не била со него, па поради тоа неговата мајка му рекла на полицаецот да ја земе нејзината лична карта. Полицаецот викнал засилување и синот бил приведен заедно со мајката бидејќи таа не сакала да го остави нејзиниот син сам. Откако се качиле во полициското комбе, синот и жената биле НАСИЛНО ТЕПАНИ! Додека биле тепани, полицаецот им викал: „Ѓуптини, ајде сега снимајте, не ми можете ништо!“ Повозрасната жена Ромка се наоѓа во загрижувачка животна состојба! Откако била претепана, морала да интервенира и брзата помош! Жената болна од астма се нашла во состојба да не може да дише поради нападот!!! Жената е моментално под висок стрес и со загрозена здравствена состојба! Нејзиниот сопруг во текот на денот се обидел 3 пати да го пријави случајот во полициската станица, но немало кој да го прими. Во моментов сопругот на жената повторно ќе се обиде да го пријави случајот во полиција во Битола – очекуваме дека полицијата овој пат ќе го прими граѓанинот и ќе преземе соодветни дејствија!!! Воедно загрижувачка состојба е и тоа што имаме повторно обид за прекривање на случајот, со ненавремено постапување и општо непостапување од страна на другите полицајци што повикува на потреба од сериозни реформи во функционирањето на полицијата!“, информираше АВАЈА. Хелсиншкиот комитет и Македонското здружение на млади правници, преку заеднички проект ангажираа адвокат за овој случај. Жената и нејзиниот син не се задржани во притвор и во моментов се чувствуваат добро, но полицијата уште долго одбиваше да прими пријава.

**Датум, време и место на инцидентот:** 20 октомври 2020 година, околу 14:00 часот во Битола**Извор на информации:** социјални мрежи, електронски медиуми, весници и телевизии

**Инволвирани жртви:** 2 (две) жртви, полнолетни маж и жена (син и мајка)

**Вид злосторства:** Малтретирање во вршење на службата (Член 143 од Кривичен законик)

**Сторители:** двајца (2) сторители, полнолетни полициски службеници

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е бојата на кожата, претпоставеното етничко потекло и јазикот, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – жртвата и напаѓачот зборувале на различен јазик;
2. *Боја на кожа* – жртвата имала поинаква боја на кожа од напаѓачот заради што и била нападната;
3. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачот биле од различна етничка заедница;
4. *Локација* – Битола е општина на повеќе етнички заедници и претходно е регистриран ваков вид инциденти, особено во кој жртви се лица припадници на ромската заедница.

**Статус на случајот:** по спроведената истрага, во тек е постапка пред Основниот кривичен суд во Битола

**Одговор на локалните власти:** нема потврда за индикаторите од МВР за овој инцидент

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички и јазични групи во општеството и значително ја намалуваат довербата на граѓаните во полицијата. Со оглед на загрижувачките индиции, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи требаше целосно да го истражи овој случај и доколку се потврдеа наодите, инволвираните полициски службеници да бидат соодветно дисциплински казнети и доколку има основ, против истите да биде поведена кривична постапка. За жал, тоа не беше случај ниту во овој инцидент и постапката беше целосно водена од страна на жртвите, непосредните сведоци и граѓанските организации.

## 86. Физички нападнат малолетник во Аеродром, Скопје

**Што се случило:** На 24.10.2020 во 02:30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на 23.10.2020 околу 22:50 часот на подрачјето на Аеродром, 16-годишник од Скопје бил физички нападнат од неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 23 октомври 2020 година, околу 22:50 часот на подрачјето на општина Аеродром во Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** 1 жртва, малолетник, 16-годишник од Скопје

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** 2 полнолетни сторители, мажи

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е претпоставеното етничко потекло затоа што момчето било нападнато поради тоа што зборувало различен јазик, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – жртвата и напаѓачите зборувале на различен јазик;
2. *Етничкото потекло* – жртвата и сторителите припаѓаат на различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Од страна на ПС ОН Аеродром сочинети се записници за констатиран прекршок по член 12 од ЗППЈРМ против двајцата сторители

**Одговор на локалните власти:** властите сметаат дека со прекршочните пријави, физичкиот напад е расчистен

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички и јазични групи во општеството

## 87. Физички напад во близина на градскиот парк во Скопје

**Што се случило:** На 25.10.2020 во 00:50 часот, А. Ј. (20) од Скопје пријавил дека во Градски парк тој и М. Ј. (19) биле физички нападнати од неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 25 октомври 2020 година, околу 00:50 часот во близина на градскиот парк во Скопје

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР

**Инволвирани жртви:** 2 жртви, полнолетни мажи, 19 и 20-годишни од Скопје

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** повеќе сторители, сите мажи

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е претпоставеното етничко потекло затоа што жртвите биле нападнати поради тоа што зборувале различен јазик, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – жртвата и напаѓачите зборувале на различен јазик;
2. *Етничкото потекло* – жртвата и сторителите припаѓаат на различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Од страна на ПС ОН Карпош сочинет е записник за прием на пријава по член 12 од ЗППЈРМ против повеќе сторители

**Одговор на локалните власти:** се преземаат мерки за расчистување на случајот

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички и јазични групи во општеството

## 88. Нападнат мигрант во близина на село Умин Дол, кумановско

**Што се случило:** На 29.10.2020 во СВР Куманово било пријавено дека околу 13:00 часот кај с. Умин Дол, кумановско, едно лице со закана одзело пари од М. У. (26) од Пакистан. Се преземаат мерки за расчистување на случајот

**Датум, време и место на инцидентот:** 29 октомври 2020 година, околу 13:00 часот во близина на село Умин Дол, кумановско

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** една (1) жртва, 26-годишен маж.

**Вид злосторства:** Разбојништво (Член 237 од Кривичен законик).

**Сторители:** едно лице, полнолетен маж.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е бегалскиот или мигрантскиот статус, а пристрасните индикатори се:

1. *Бегалски или мигрантски статус* – жртвата е маж со мигрантски статус;
2. *Локација* – настанот се случил на место каде што поминува рутата на мигрантите и бегалците кои транзитираат преку државата.

**Статус на случајот:** од страна на СВР Куманово до ОЈО Куманово поднесена е кривична пријава против Д. С. од Скопје поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „Разбојништво" според член 237 од Кривичниот законик.

**Одговор на локалните власти:** Постапката е во тек.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните групи во општеството, а особено безбедноста на бегалците и мигрантите кои транзитираат низ територијата на Република Северна Македонија.

## 89. Закана по животот на геј маж поради неговата сексуална определба

**Што се случило:** На 30.10.2020, откако на Фејсбук примил сериозни закани по неговиот живот поради тоа што е припадник на ЛГБТИ заедницата и затоа што во коментари ги бранел правата и слободите на припадниците на оваа заедница, на 30 октомври, лицето Д. П. се обрати до Хелсиншкиот комитет за човекови права со барање за бесплатна правна помош. Од содржината на заканите кои ги добил, се согледува дека заканувачот во минатото, не само вербално, туку и физички напаѓал и малтретирал членови на маргинализирани заедници.

**Датум, време и место на инцидентот:** 30 октомври 2020 година, околу 11:00 часот на социјалната мрежа Фејсбук.

**Извор на информации:** канцеларија за бесплатна правна помош на Хелсиншкиот комитет за човекови права.

**Инволвирани жртви:** 1 жртви, 35-годишник.

**Вид злосторства:** Загрозување на сигурноста (Член 144 став 2 од Кривичниот законик).

**Сторители:** 1 сторител, на возраст од околу 40 години.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е сексуалната определба, а пристрасните индикатори се:

1. *Сексуална определба* – присуството на ЛГБТИ заедницата во јавниот и онлајн простор е мета на насилство и групата е често подложна на закани;
2. *Модел на претходни инциденти* – присуство на говор на омраза и претходни напади кон лица од ЛГБТИ заедницата.

**Статус на случајот:** Тимот на Хелсиншкиот комитет, заедно со жртвата, достави кривична пријава во полициската станица Центар - ПС Беко врз основа на член 144 од Кривичниот законик за кривичното дело „Загрозување на сигурноста“, со посебен акцент на ставот 2 како квалификуван облик на ова дело сторено од омраза.

**Одговор на локалните власти:** Наместо обезбедените докази да бидат сами по себе основ полициските службеници да постапат по кривичната пријава (на начин што ќе контактираат надлежен обвинител и инспектор од компјутерски криминал), присутните полициски службеници зедоа улога на обвинител, толкувајќи го законот на своја рака, тврдејќи дека пријавата треба да се заведе како обична поплака, а жртвата натаму со приватна тужба да бара судска заштита. Ваквиот волунтаризам на полициските службеници не е новост. Напротив, при пријавување на низа кривични дела од омраза, поведението на полициските службеници е истоветно, дрско и непрофесионално. Сепак, со тоа што жртвата беше упорна и беше придружувана од правен советник, се издејствува кривичното дело да се гони по службена должност.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата, кохезијата помеѓу различните групи во општеството, а особено безбедноста и здравјето на ЛГБТИ луѓето.

## 90. Физички нападнати двајца малолетници во Ѓорче Петров

**Што се случило:** На 01.11.2020 година во 20:46 часот, во СВР Скопје било пријавено дека во Ѓорче Петров двајца малолетници од Скопје биле физички нападнати од неколку лица, од кои едното имало остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 1 ноември 2020 година, 20:46 часот во општина Ѓорче Петров, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 2 малолетни жртви.

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик).

**Сторители:** Група сторители, од кои најмалку еден имал остар предмет.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е претпоставеното етничко потекло поради тоа што нападот се случил поради тоа што момчињата зборувале различни јазици, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – засегнатите малолетници зборувале на различен јазик од напаѓачите;
2. *Етничкото потекло* – инволвираните припаѓаат на различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Од страна на СВР Скопје до ОЈО Скопје, доставено е известување против непознат сторител за извршено кривично дело „Насилство“ од член 386 од Кривичниот законик.

**Одговор на локалните власти:** властите одговорија дека преземаат мерки за расветлување на кривичното дело.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички и јазични групи во општеството.

## 91. Нанесени убодни рани на турски државјанин при физички напад

**Што се случило:** На 10.11.2020 во 21:23 часот, во СВР Скопје било пријавено дека во комплекс клиники „Мајка Тереза“ бил донесен повреден А. О. У. (29) од Р Турција, кој престојувал во Скопје, при што кај истиот биле констатирани тешки телесни повреди со кои се здобил при физички напад од неколку лица на подрачјето на Центар, а при нападот едно од лицата му нанело убодни рани со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 10 ноември 2020 година, 21:23 часот во општина Центар, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 1 жртва, маж, 29 години.

**Вид злосторства:** Тешка телесна повреда (Член 131 од Кривичен законик).

**Сторители:** Група сторители, од кои најмалку еден имал остар предмет.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е претпоставеното национално потекло поради тоа што нападот се случил поради тоа што жртвата е припадник на друга националност, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – жртвата зборувала на различен јазик од напаѓачите;
2. *Национална припадност* – инволвираните припаѓаат на различни националности.

**Статус на случајот:** Од страна на СВР Скопје до ОЈО Скопје доставено е известување против непознат сторител за извршено кривично дело „Тешка телесна повреда“ од член 131 од Кривичниот законик.

**Одговор на локалните власти:** властите одговорија дека преземаат мерки за расветлување на кривичното дело.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните национални, етнички и јазични групи во општеството.

## 92. Физички напад во близина на игралиште на подрачје на Гази Баба

**Што се случило:** На 13.11.2020 во 15:00 часот во СВР Скопје, А. С. (19) од с. Идризово, скопско, пријавил дека околу 13:30 часот во близина на игралиште на подрачје на Гази Баба бил физички нападнат од малолетно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 13 ноември 2020 година, околу 13:30 часот во близина на игралиште на подрачје на Гази Баба, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 1 жртва, маж, 19 години од с. Идризово, Скопје.

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик).

**Сторители:** еден сторител, малолетник.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е претпоставеното етничко потекло затоа што жртвата била нападната поради тоа што зборувала различен јазик, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – жртвата и напаѓачот зборувале на различен јазик;
2. *Етничкото потекло* – жртвата и напаѓачот припаѓаат на различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Од страна на ПС ОН Аеродром сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од ЗППЈРМ против едно лице.

**Одговор на локалните власти:** властите сметаат дека со прекршочната пријава, физичкиот напад е расчистен.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички и јазични групи во општеството.

## 93. Физички напад врз државјанин на Република Албанија

**Што се случило:** На 13.11.2020 околу 22:30 часот во СВР Струмица, А. К. од Р Албанија пријавил дека во казино во Валандово бил физички нападнат од С. У. (55) од Валандово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 13 ноември 2020 година, 22:30 часот на територијата на општина Валандово.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 1 жртва, полнолетен маж, странски државјанин.

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик).

**Сторители:** Еден сторител, 55-годишен маж од Валандово.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е претпоставеното национално потекло поради тоа што нападот се случил поради тоа што жртвата е припадник на друга националност, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – жртвата зборувала на различен јазик од напаѓачот;
2. *Национална припадност* – инволвираните припаѓаат на различни националности.

**Статус на случајот:** Од страна на ПС ОН Валандово до надлежен суд поднесено е барање за поведување на прекршочна постапка против У. С. (55) од Валандово, за сторен прекршок по членовите 6 и 12 од ЗППЈРМ.

**Одговор на локалните власти:** властите сметаат дека со прекршочната пријава, физичкиот напад е расчистен.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните национални, етнички и јазични групи во општеството.

## 94. Физички напад врз 18-годишно момче на Бит Пазар

**Што се случило:** На 19 ноември 2020 година, во полициската станица Бит Пазар од страна на 18-годишно момче било пријавено дека е нападнат од страна на непознат маж во делот на тезгите на Бит Пазар. Претпоставката е дека причината за нападот е неговата различна етничка припадност.

**Датум, време и место на инцидентот:** 19 ноември 2020 година, 15:40 часот, Бит Пазар, општина Чаир, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 1 жртва, 18-годишен маж.

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик).

**Сторители:** 1 непознат сторител, маж.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е претпоставеното етничко потекло затоа што нападот се случил поради тоа што момчето е со различна етничка припадност од напаѓачот, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – жртвата и напаѓачот зборувале на различен јазик;
2. *Етничкото потекло* – инволвираните припаѓаат на различни етнички заедници;
3. *Модел на претходни инциденти* – претходни напади на луѓе на таа локација.

**Статус на случајот:** Истрагата е во тек и се уште се работи на разоткривање на сторителот.

**Одговор на локалните власти:** од полициската станица велат дека по целосно расчистување и документирање на случајот, ќе следат соодветни поднесоци.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички и јазични групи во општеството.

## 95. Тепачка помеѓу осум малолетници на возраст од 14 до 17 години

**Што се случило:** На 21 ноември 2020 година, во полициската станица Ѓорче Петров од страна на полициски службеници биле приведени осум малолетни лица на возраст од 14 до 17 години. Полицијата постапувала по пријава според која во 21:30 часот истиот ден, на подрачјето на општина Ѓорче Петров, во близина на угостителски објект, неколку лица со тврди предмети нападнале двајца малолетници,

кои биле со уште тројца другари. Причината за нападот и подоцнежната тепачка е различната етничка припадност на малолетниците. Од полициската станица велат дека по целосно расчистување и документирање на случајот, ќе следат соодветни поднесоци.

**Датум, време и место на инцидентот:** 21 ноември 2020 година, 21:30 часот во општина Ѓорче Петров, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 5 жртви, од кои 2 малолетни, сите мажи.

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен Законик).

**Сторители:** 8 сторители, сите малолетни на возраст од 14 до 17 години.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е претпоставеното етничко потекло затоа што нападот се случил поради тоа што момчињата зборувале различни јазици, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – засегнатите малолетници зборувале на различен јазик од напаѓачите;
2. *Етничкото потекло* – инволвираните припаѓаат на различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Од страна на СВР Скопје кривичното дело е расветлено, сторителите се откриени и доставена е кривична пријава до ОЈО Скопје.

**Одговор на локалните власти:** властите сметаат дека со преземените мерки, случајот е расчистен.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички и јазични групи во општеството.

## 96. Скврнавење на споменикот за бугарските туристи во Охрид

**Што се случило:** На 27.11.2020 во претпладневните часови во Охрид е разрушен споменикот на брегот на Охридското езеро, кој беше подигнат во спомен на бугарските туристи кои ги загубија животите при несреќа на патување на бродот „Илинден“, во кој настрадаа бугарски туристи на 5 септември 2009 година.

**Датум, време и место на инцидентот:** 27 ноември 2020 година, во претпладневните часови на територијата на општина Охрид.

**Извор на информации:** социјални мрежи, електронски медиуми, весници и телевизии.

**Инволвирани жртви:** неопределени.

**Вид злосторства:** Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319 став 1 од Кривичен законик).

**Сторители:** група сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е националната основа поради тоа што нападот се случил затоа што споменикот е посветен на бугарските туристи, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – претходни скврнавења на споменици од слична природа;
2. *Време на инцидентот* – непосредно по бугарското вето на преговарачка рамка за Република Северна Македонија за влез во Европската Унија;
3. *Национална основа* – споменикот е посветен на бугарски туристи.

**Статус на случајот:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Одговор на локалните власти:** Министерството за надворешни работи го осуди вандалскиот акт, додека истрагата сè уште е во тек.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и животот помеѓу различните национални, етнички и јазични групи во општеството.

## 97. Ограбена црква во Тетово

**Што се случило:** На 05.12.2020 во одреден дел од денот, непознат сторител влегол во црквата „Пресвета Богородица“ во Тетово и ги зел парите собрани од верниците.

**Датум, време и место на инцидентот:** 05.12.2020 во одреден дел од денот во црквата „Пресвета Богородица“ во Тетово.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** неопределено.

**Вид злосторства:** Разбојничка кражба (Член 238 од КЗ), Оштетување туѓи предмети (Член 243 од КЗ).

**Сторители:** непознат сторител.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е верското уверување, а пристрасните индикатори се:

1. *Целна локација* – религиозен објект;
2. *Модел на претходни инциденти* – претходни инциденти од слична природа.

**Статус на случајот:** сè уште се трага по сторителот.

**Одговор на локалните власти:** Полициски службеници од ПС ОН Тетово направиле увид на местото и преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата.

## 98. Запалено државно знаме на железничката станица „Скопје Север“

**Што се случило:** На 08.12.2020 година во 07.12 часот, во СВР Скопје, Ѓ. З., вработен во Железници на Северна Македонија пријавил дека на железничката станица „Скопје Север“, едно лице го запалило државното знаме кое било на јарболот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 8 декември 2020 година, во раните утрински часови на територијата на град Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** неопределени.

**Вид злосторства:** Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (Член 319 став 1 од Кривичен законик).

**Сторители:** непознато.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е националната основа поради тоа што нападот се случил затоа што знамето е симбол на Северна Македонија, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – претходни инциденти од слична природа;

2. *Национална основа* – палење на знаме на конкретна држава.

**Статус на случајот:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Одговор на локалните власти:** непознато.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните национални, етнички и јазични групи во општеството.

## 99. Физички напад врз 22-годишен маж и оштетување на неговата кола

**Што се случило:** На 11 декември 2020 година, дваесет и две годишен жител од Скопје пријавил во полиција дека две непознати лица физички го нападнале и притоа му го оштетиле автомобилот.

**Датум, време и место на инцидентот:** 11 декември 2020 година, 10:00 часот на улица „Македонско-косовска бригада" во општина Чаир, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 1 жртва, 22-годишен маж.

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик) и Оштетување туѓи предмети (Член 243 од Кривичниот законик).

**Сторители:** 2 непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е претпоставеното етничко потекло затоа што нападот се случил поради тоа што жртвата зборувала различен јазик од напаѓачите, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – жртвата зборувала на различен јазик од напаѓачите;
2. *Етничкото потекло* – инволвираните припаѓаат на различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** непознато.

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички и јазични групи во општеството.

## 100. Вознемирување и закани поради интелектуална попреченост

**Што се случило:** На 12.12.2020 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше случај пријавен од родител на дете со аутизам. Имено, целото семејство трпи вознемирување и закани од страна на двајца соседи во станбената зграда во која живеат. Соседите, во неколку наврати, со клоци и тупаници удирале на вратата од станот на семејството, извикувајќи дека ќе ги убијат нив и нивното деветгодишно дете со аутизам поради тоа што им сметала вревата наводно предизвикана од детето кое тие постојано го нарекувале „ментално".

**Датум, време и место на инцидентот:** континуирано во текот на претходните две години на територијата на општина Битола.

**Извор на информации:** пријава во Хелсиншкиот комитет.

**Инволвирани жртви:** две жртви, малолетно дете и родител.

**Вид злосторства:** Загрозување на сигурноста (Член 144 од Кривичен законик).

**Сторители:** 2 сторители, полнолетни мажи, соседи на жртвата.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е попреченоста на детето поради тоа што вознемирувањето и заканите се случуваат поради оваа основа, а пристрасните индикатори се:

1. *Модел на претходни инциденти* – претходни инциденти од слична природа;
2. *Попреченост* – соседите, во неколку наврати, со клоци и тупаници удирале на вратата од станот на семејството, извикувајќи дека ќе ги убијат нив и нивното деветгодишно дете со аутизам поради тоа што им сметала вревата наводно предизвикана од детето кое тие постојано го нарекувале „ментално".

**Статус на случајот:** Семејството го пријавило случајот во полициската станица, но сѐ завршило со полициски записник, по што не е забележана никаква реакција од институциите за вознемирувањето кон семејството и детето со интелектуална попреченост од страна на соседите. Имено, во 2018 година полицијата поднела кривична пријава за сторено кривично дело „Загрозување на сигурноста" од член 144 од КЗ, која надлежното јавно обвинителство ја отфрлило поради тоа што конкретниот настан не ги исполнувал елементите на кривично дело што се гони по службена должност. Согласно правната поука на јавното обвинителство, семејството поднело приватна кривична тужба против сторителите. Рочиште по поднесената кривична тужба е закажано за март оваа година и правниот тим на Хелсиншкиот комитет ќе ја мониторира судската постапка. Во оваа смисла, мора да се напомене дека делата од омраза не се случуваат во вакуум, тие се насилна манифестација на предрасуди која понатаму продира во поширoката заедница. Имајќи го ова предвид, кривичното дело „Загрозување на сигурноста" на малолетното дете поради неговата интелектуална попреченост, кое е очигледно мотивирано од нетолеранција и предрасуди кон припадниците на оваа ранлива група, може да се квалификува како дело од омраза. Основното јавно обвинителство неправилно ја отфрлило кривичната пријава со тоа што погрешно го квалификувало кривичното дело. Поради ова, Хелсиншкиот комитет ќе поднесе кривична пријава против сторителите за сторено кривично дело „Загрозување на сигурноста", како дело сторено од омраза.

**Одговор на локалните власти:** И покрај тоа што вознемирувањето трае континуирано и е пријавувано во полицијата повеќе пати, семејството единствено добило известување од полициската станица дека соседите се само усно предупредени, без дополнително образложение. Поради дискриминаторското постапување од страна на соседите и поради несоодветното постапување за заштита на семејството од дискриминација на полицијата, Хелсиншкиот комитет за човекови права на семејството ќе му обезбеди правна помош за составување претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, веднаш по изборот на нејзините членови, поради сторена дискриминација по асоцијација врз основа на попреченост. Дополнително, Хелсиншкиот комитет ќе поднесе претставка до Одделот за внатрешна контрола при МВР, со цел да се испита непрофесионалното и незаконското постапување на полициските службеници.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедност на семејството и особено го загрозуваат слободното движење на малолетното лице. Ваквиот однос кон лицата со интелектуална попреченост понатаму се отсликува и во јавниот дискурс и придонесува кон нивна стигматизација во општеството.

## 101. Физички нападнат 19-годишник во Скопје

**Што се случило:** На 12.12.2020 година во 23:01 часот во ПС ОН Аеродром, 19-годишен маж пријавил дека бил физички нападнат од повеќе лица во близина на скопскиот Транспортен центар.

**Датум, време и место на инцидентот:** 12 декември 2020 година, 23:01 часот во општина Аеродром, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 1 жртва, 19-годишен маж.

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик).

**Сторители:** група непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е претпоставеното етничко потекло затоа што нападот се случил поради тоа што жртвата зборувала различен јазик од напаѓачите, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – жртвата зборувала на различен јазик од напаѓачите;
2. *Етничкото потекло* – инволвираните припаѓаат на различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Од страна на СВР Скопје сè уште се работи на откривање на сторителите.

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички и јазични групи во општеството.

## 102. Физички напад од страна на три лица

**Што се случило:** На 16.12.2020 година во 16:49 часот во СВР Скопје, Д. М. пријавил дека на ул. „Вера Радосавлевиќ" тој и Р. Ќ. биле физички нападнати од три лица.

**Датум, време и место на инцидентот:** 16 декември 2020 година, 16:49 часот во општина Гази Баба, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 2 жртви, полнолетни мажи.

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик)

**Сторители:** 3 сторители, сите полнолетни.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е претпоставеното етничко потекло затоа што нападот се случил поради тоа што жртвите зборувале различен јазик од напаѓачите, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – засегнатите жртви зборувале на различен јазик од напаѓачите;
2. *Етничкото потекло* – инволвираните припаѓаат на различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Од страна на СВР Скопје сè уште се работи на откривање на сторителите.

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички и јазични групи во општеството.

## 103. Физички нападнат малолетник во Гази Баба

**Што се случило:** На 16.12.2020 година во 20:00 часот во Гази Баба, 43-годишен родител пријавил дека неговиот син бил физички нападнат од непозната група на луѓе без конкретна причина.

**Датум, време и место на инцидентот:** 16 декември 2020 година, 20:00 часот во општина Гази Баба, Скопје.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** 1 жртва, малолетник, маж.

**Вид злосторства:** Насилство (Член 386 од Кривичен законик).

**Сторители:** повеќе непознати сторители.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е претпоставеното етничко потекло затоа што нападот се случил поради тоа што жртвата зборувала различен јазик од напаѓачите, а пристрасните индикатори се:

1. *Јазик на зборување* – засегнатите жртви зборувале на различен јазик од напаѓачите;
2. *Етничкото потекло* – инволвираните припаѓаат на различни етнички заедници.

**Статус на случајот:** Од страна на СВР Скопје сè уште се работи на откривање на сторителите.

**Одговор на локалните власти:** Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните етнички и јазични групи во општеството.

## 104. Фотографија и натпис со навреди кои поттикнуваат насилство

**Што се случило:** На 23.12.2020, Одделение за внатрешни работи Прилеп поднесе кривична пријава против С. М. (36) од Прилеп поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". С. М. на 28.10.2020 преку својот Фејсбук профил во коментар на друг Фејсбук профил објавил фотографија и натпис со навреди, односно поттикнувал насилство.

**Датум, време и место на инцидентот:** 28 октомври 2020 година, на социјалната мрежа Фејсбук.

**Извор на информации:** дневен билтен на МВР.

**Инволвирани жртви:** неопределени.

**Вид злосторства:** Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем (Член 394-г став 1 од Кривичен законик).

**Сторители:** 36-годишен маж од Прилеп.

**Кус опис на инцидентот со пристрасни индикатори:** Во овој инцидент пристрасниот мотив е етничката припадност поради тоа што фотографијата и натписот со навреди кои поттикнуваат насилство се насочени кон една конкретна етничка група во државата, а пристрасните индикатори се:

1. *Етничкото потекло* – сторителот припаѓа на една етничка заедница, додека поттикнува насилство кон друга различна етничка заедница;
2. *Модел на претходни инциденти* – претходни инциденти од слична природа.

**Статус на случајот:** започната кривична судска постапка.

**Одговор на локалните власти:** кривичната пријава против сторителот.

**Влијание врз жртвите и заедницата:** Инциденти од ваков вид ја доведуваат во прашање општата безбедносна состојба во земјата и соживотот помеѓу различните национални, етнички и јазични групи во општеството.